# Општина Карпош

## ПРЕДЛОГ- СТРАТЕШКИ ПЛАН
## ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА КАРПОШ
## ЗА ПЕРИОДОТ 2015-2019 ГОДИНА



**Предлагач:** *Градоначалник на Општина Карпош*
*Стевчо Јакимовски*

**Подготвил:** *Сектор за  развој*
*Евантија Стојановска-Раководител*

**Скопје, мај  2015**

## СОДРЖИНА

**Предговор** ..... **6**

**Вовед** ..... **7**

Намена на документот ..... 7

Методологија на изработка на документот ..... 7

Носител на активноста ..... 8

**Кратко резиме** ..... **9**

**СТРАТЕГИЈА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА КАРПОШ 2015-2019**

**1. Краток преглед на состојбите и опкружувањето во општината** ..... **10**

1.1. Профил на општината ..... 10

1.1.1. Историја на општината ..... 10

1.1.2 Локација на општината ..... 10

1.1.3. Географски карактеристики и природни услови ..... 10

1.1.4 . Демографски карактеристики ..... 11

1.1.5 Услови за живот ..... 11

1.1.5.1.Домување ..... 11
1.1.5.2.Сообраќајна инфраструктура ..... 11
1.1.5.3. Образование ..... 12
1.1.5.4. Здравствено осигурување ..... 12
1.1.5.5. Култура ..... 12
1.1.5.6. Туризам ..... 13
1.1.5.7. Спорт ..... 14
1.1.5.8. Економски карактеристики ..... 14
1.1.5.9. Пазар на работна сила ..... 14

1.2. Организација на локалната самоуправа Карпош ..... 15

1.2.1. Локална самоуправа – Општина Карпош ..... 15

1.2.1.1. Градоначалник ..... 15
1.2.1.2 Совет на општината ..... 15

1.2.2. Организациска поставеност на локалната администрација ..... 17

1.2.2.1. Секретар на општината ..... 17
1.2.2.2. Организациона поставеност на секторите на општината ..... 17

1.2.3. Месна самоуправа - урбани и рурални заедници ..... 19

1.2.4. Подрачни единици во општината на органи на државна управа ..... 19

1.2.5. Заинтересирани страни - влијание, очекувања и ресурси ..... 19

1.3.Трендови во развојот на Општина Карпош во последните 5 години ..... 21

1.3.1.Движење на населението ..... 21

1.3.1.1. Жители ..... 21
1.3.1.2. Деца ..... 21
1.3.1.3. Ученици во основното образование ..... 22
1.3.1.4. Ученици во средните училишта ..... 22

1.3.2. Економски субјекти ..... 23

1.3.2.1. Структура според големина ..... 23
1.3.2.2. Структура по дејности ..... 24
1.3.2.3. Угостителски и сместувачки капацитети ..... 24

1.3.3. Градежни работи, објекти и станови ........ 24
1.3.3.1. Инфраструктура ........ 24
1.3.3.2. Градежни објекти ........ 24
1.3.3.3 Станови во индивидуална режија ........ 25
1.3.4 Туристи ........ 26
1.4. Учество на општинскиот буџет во финансирање на развојот ........ 26
1.5. Ставови на заинтересираните страни за насоките на локалниот развој ........ 27
1.5.1 Анкета на релевантните актери на локалниот развој ........ 27
1.5.1.1. Мислење на членовите на Советот на општината ........ 27
1.5.1.2. Мислење на администрацијата на општината ........ 29
1.5.1.3. Мислење на месните заедници во општината ........ 32
1.5.1.4. Мислење на бизнис секторот ........ 36
1.5.1.4. Мислење на Невладините организации ........ 39
1.5.2 Заклучоци за мислењата на релевантните актери ........ 44
2. Анализа на опкружувањето ........ 47
2.1. Поширокото опкружување -ПЕСТЛЕ анализа ........ 47
2.1.1. Политички фактори ........ 47
2.1.2. Економски фактори ........ 47
2.1.3. Социо-културни фактори ........ 48
2.1.4. Технолошки фактори ........ 48
2.2. СВОТ АНАЛИЗА на единицата на локална самоуправа ........ 49
2.3. Други нивоа на власт и институции во окружувањето ........ 50
2.3.1. Град Скопје ........ 50
2.3.2. Центар за развој на Скопскиот плански регион ........ 50
2.3.3. Влада на Република Македонија ........ 51
2.3.4. Меѓународни организации ........ 52
**3. Фактори на економскиот развој ........ 53**
**4. Изјава за мисија и визија ........ 54**
4.1. Мисија ........ 54
4.2. Визија ........ 54
4.3. Општа цел ........ 54
**5. Стратегиски приоритети и цели на Општината Карпош ........ 55**
5.2. Долгорочни Стратегиски насоки ........ 55
5.2.1. Унапредување на условите за живот и стандардот на граѓаните ........ 55
5.1.2. Диверзификација на економските активности преку привлекување нови бизниси и инвеститори ........ 55
5.1.3. Зголемување на вработувањето ........ 55
5.1.4. Јакнење на комуникацијата со граѓаните, бизнис-секторот и меѓународните програми и донатори ........ 55
5.1.5. Унапредување на туризмот ........ 58
**6. Усогласеност на Стратегиските приоритети со релевантните европски, национални и валидните регионални Стратегиски документи. ........ 59**
6.1. Усогласеност со европската стратегија до 2020 година ........ 59
6.2. Усогласеност со повисоките нивоа на власта ........ 59
6.2.1. Усогласеност со Стратегиските документи на Владата за децентрализација ........ 59
6.2.2. Усогласеност со Стратегиските документи на Скопскиот плански регион ........ 60

6.2.3. Усогласеност со Стратегиските документи на Градот Скопје ..... 60
**7. Акциски План ..... 60**
7.1. Преглед на мерки и проекти ..... 60
7.2. Ресурси за акцискиот план ..... 61
**8. Имплементација и индикатори за успешност ..... 61**
8.1 Градење партнерства ..... 61
8.2. Постапка за имплементација на акцискиот план ..... 62
8.3. Индикаторите на успешност ..... 62
**Документација ..... 62**

**Анекс 1 - Табели ..... 63**
Табела 1. Број на домаќинства во Општина Карпош ..... 63
Табела 2. Број на население по пол и возраст во Општина Карпош ..... 63
Табела 3. Полова структура ..... 63
Табела 4. Образовна структура и вработеност ..... 63
Табела 5. Живородени деца по општини, по години ..... 64
Табела 6. Умрени лица по општини во Градот Скопје ..... 64
Табела 7. Вкупно доселени и отселени граѓани од скопските општини, по години ..... 65
Табела 8. Деца и вработени во установи за згрижување и воспитание, и деца по вработен – детски градинки по пол, општини и години ..... 66
Табела 9. Ученици во основни училишта, по пол, по општини и учебни години ..... 67
Табела 10. Наставници во основни училишта, по пол, по општини и учебни години ..... 67
Табела 11. Број на ученици во средно образование по пол, општини и години ..... 68
Табела 12. Наставници во средни училишта, по пол, по општини и учебни години ..... 68
Табела 13 Број на претпријатија во Скопје и учество на претпријатија по општини во 2013 ..... 69
Табела 14.Активни деловни субјекти по големина, по општини, по години, состојба 31 декември ..... 69
Табела 15. Број на здравствени установи ..... 70
Табела 16. Активни деловни субјекти по сектори на дејност според НКД Рев.1, по општини, состојба 31 декември 2014 ..... 71
Табела 17. Број на угостителски објекти, седишта, површина и број на вработени - 2008 ..... 72
Табела 18. Капацитети за сместување, по општини, според Пописот на угостителството, 2008 ..... 72
Табела 19. Извршени градежни работи по општини, по години ..... 72
Табела 20. Извршени градежни работи според видовите објекти, согласно Номенклатурата на градежни објекти, по општини, по години ..... 73
Табела 21.Извршени градежни работи и завршени станови во објекти за домување градени од деловни субјекти, по општини, годишно ..... 74
Табела 22. Извршени градежни работи во индивидуална режија, по општини, годишно ..... 74
Табела 23. Број на завршени станови, површина и просечна големина на станот во индивидуална режија по години ..... 75
Табела 24. Број на туристи во општина Карпош по години ..... 76
Табела 25. Ноќевања по турист во 2014 година ..... 76
Табела 26. Планиран и реализиран општински буџет во 2009,2010,2011,2012,2013 и 2014 година ..... 77
Табела 27 . Структура на приходите и расходите на општинскиот буџет во 2009,2010, 2011, 2012, 2013 и 2014 година ..... 78
Табела 28. Структура на приходи и расходи и индекс на пораст 2014/2009 ..... 80
Табела 29. Годишни настани организирани од Општината Карпош ..... 82
Табела 30. Временски распоред на настаните во текот на годината и одговорни сектори ..... 86

## Слики

Слика 1. Структура  на деца во установи за згрижување на деца-Скопје...................................................................... 22
Слика 2. Деца по наставник во основните училишта во општината Карпош ................................................................ 22
Слика 3. Број на претпријатија во Скопје и нивното учество по општини во 2013 ........................................................ 23
Слика 4.Учество на претпријатијата според нивната големина во Карпош и Град Скопје за 2013 година.......................... 23
Слика 5. Учество на скопските општини во извршени градежни работи – инфраструктура - 2013г.................................. 24
Слика 6. Учество на општините  во бројот и вредноста на градежните објекти на деловните субјекти во Град Скопје ..... 25
Слика 7. Учество на Карпош во вкупниот број на градежни објекти во индивидуална режија во Градот Скопје за 2013 година...................................................................................................................................................... 25
Слика 8. Учество на Карпош во вкупниот број на завршени станови во индивидуална режија во Градот Скопје за 2013 година...................................................................................................................................................... 25
Слика 9. Структура на приходите и расходите на општинскиот буџет во 2014 година ................................................. 27

## Преглед- Табели

Преглед-Табела 1.Стратегиски цели и мерки за унапредување  на условите за живот и стандардот на граѓаните........... 56
Преглед-Табела 2. Стратегиски цели и мерки за  диверзификација на економските активности и привлекување нови бизниси и инвеститори ............................................................................................................................................ 57
Преглед-Табела 3. Стратегиски цели и мерки за зголемување на вработувањето.............................................................. 57
Преглед-Табела 4. Стратегиски цели и мерки за јакнење на комуникацијата со граѓаните, НВО и бизнис-секторот ......... 57
Преглед-Табела 5. Стратегиски цели и мерки за унапредување на туризмот ...................................................................... 58

# Предговор

Почитувани,

Да се раководи со развојот на локалната самоуправа значи да се менаџираат желбите и потребите на жителите на општината, да се согледаат приоритетите и да се направи обид да се излезе во пресрет на секој поединец. Несомнено, одговорноста што стои пред мене, како градоначалник на општина Карпош, и пред членовите на целата општинска администрација е огромна.

Затоа имаме потреба од еден сеопфатен стратешки приод во креирањето на политиката на развојот, кој ќе призлегува од дефинираните надлежности на општината. Не само развојот како единица на локалната самоуправа, туку и како дом, место каде живееме со нашето минато и место каде ја планираме нашата иднина.

Неопходноста да се има стратегија е за да се работи домаќински, со визија за иднината и да се преземаат чекори кои водат кон остварување на зацртаните цели. Стратешките решенија за локалниот развој на Општина Карпош 2015-2019-та година, согласно законските надлежности, ги обезбедуваат насоките за успех во сите домени на животот. Во неа се дефинира политиката за идниот локален развој, преку дефинирање на развојна рамка со конкретни цели и мерки, односно програми и проекти за нивна реализација на подолг рок.

Предизвикот со кој се соочуваме во процесот на континуирана и транспарентна работа е огромен. Имајќи ја вашата доверба, заеднички со Вас, граѓаните, невладините организации и бизнис секторот, ја подготвивме оваа Стратегија, во насока на подигнување на квалитетот на живеење на граѓаните, според европските и светските стандарди, подобрување на конкурентноста во однос на други локални заедници во земјата, подобрување на климата за инвестирање, а со тоа и можноста за отворање на нови работни места.

Го следиме патот на постојан раст и развој на нашата заедница, во соработка и поддршка од страна на јавните институции, бизнис заедницата и граѓанското општество и со постојани напори за достигнување на заедничката визија за подобра иднина на секој граѓанин на општината Карпош.

Со почит,

Ваш,

Стевчо Јакимовски

Градоначалник на Општина Карпош

# Вовед

Надлежностите на единиците на локалната самоуправа се дефинирани во член 22 од Законот за локална самоуправа[1] во 2002 година. Овие надлежности се подетално разработени во Статутот на Општината Карпош[2].

***Влијанието на општинското раководство*** *на локалниот економски развој е преку*: **доделените законски надлежности** за уредување на просторот и користење на јавните добра во општината; ***ресурсите***; (природните, туристичките и културно-историските локалитети);

***Очекувањата за поврат на вложувањата:*** во локалниот развој се однесуваат на зголемениот промет на недвижности; зголеменото користење на просторот; пораст на инвестициите и нови работни места; пораст на вработувањата и зголемениот прилив на средства од надворешни извори на финансирање.

Финансирањето на општинскиот развој се обезбедува од три извори: општинскиот буџет; буџетите на другите нивоа на власти (Скопскиот плански регион и буџетот на Република Македонија); како и донаторските програми (мултирателни и билатерални). Дополнително, општината може да го финансира локалниот економски развој преку задолжување (заеми, кредити и инвестициони фондови) и преку користење на јавно-приватни партнерства.

## Намена на документот

Предизвикот да се биде успешен во динамично опкружување сѐ повеќе ја наметнува потребата за стратегиско планирање на организациите и институциите[3].

Документот Стратегија за локален развој на Општина Карпош 2015-2019 година е наменет да ги поддржи носителите на одлуки во општината во нивната работа за успешно управување со развојот на општината и според приоритетите да ги насочи општинските ресурси кон подобрување на нивото на економската активност во општината, вработувањето, животниот стандард и благосостојбата на граѓаните.

Затоа подготовката на документот имаше цел: мобилизирање на општинската администрација, локалните бизниси, НВО и граѓаните за соработка на развојните приоритети; опфаќање на што поголем број предлог-проекти и одредување на насоките за заеднички ангажман и партнерство помеѓу општината и релевантните субјекти.

Предлог-стратегијата за локален развој на Општина Карпош 2015-2019 и акцискиот план се подготвени за расправа и донесување на седница на Советот на Општината Карпош.

## Методологија на изработка на документот

Во изготвувањето на документот беа примени следните принципи:

1. *Вклучување на релевантните засегнати страни;*

*2. Транспарентен процес на прибирање предлози;*

---

[1] Службен Весник на Република Македонија, бр. 5, Јануари, 2002
[2] http://www.kiselavoda.gov.mk/index.php/dokumentacija
[3] Влада на Република Македонија (2007) *Прирачник за стратешко планирање,* Генерален секретаријат на Владата на Р.Македонија ,стр.7

*3. Консензус во одредувањето на приоритетите;*

*4. Ограничувањата на локалните ресурси и фискалниот капацитет да се надополнуваат со надворешни извори на финансирање.*

Дополнително во методологијата се користеа принципите во изработката на претходните Стратешки документи на општината за изминатиот 4-годишен период.

Задачата е реализирана во пет фази: 1. Анкета на мислењето на релевантните актери за идните насоки на стратешкиот развој на општината; 2. Анализа на состојбите и трендовите во Општината Карпош; 3. Дефинирање на визија, мисија и Стратегиски приоритети на општината; 4. Подготовка на предлог-верзија на документот; и 5. Донесување на Стратегијата за локален економски развој на Општината Карпош за периодот 2015-2018 година.

Методолошкиот пристап во овој Стратегиски документ е базиран врз системот оддолу – нагоре (bottom up approach), за да се овозможи согледување на вистинските потреби на сите економски чинители на локалниот развој на Општина Карпош (бизнис-заедницата, јавните претпријатија, граѓанскиот сектор и др.) и на тој начин да им се овозможи да влијаат во креирањето на одржлива политика на локалниот развој. Ваквиот пристап овозможува поставените цели да бидат во согласност со расположливите ресурси и со интересот на заинтересирани страни во Општината Карпош.

Пристапот се реализираше преку анкети, директни контакти и работилници. Преку прашалници се добија ставовите на четири групи на релевантните актери во локалниот развој: члeновите на Советот на Општината, вработени во општинската администрација, претпријатија од приватниот сектор и невладините организации што работат на територијата на општината.( нивните ставови се анекс на овој документ)

## Носител на активноста

Носител на активноста за изработка на документот е Градоначалникот на Општината, Стевче Јакимовски, а непосредно одговорен е раководителот на секторот за развој, Евантија Стојановска.

Секторот за развој ги реализира следните активности:

- *Координација на експертската поддршка испорачана од ЗБК Креација-Скопје ( д-р Ристо Иванов, тим лидер) и обезбедување на потребните информации за анализа;*
- *Координација со другите сектори на општинската администрација и комуникација со бизнис-секторот и НВО;*
- *Организирање работилница за дефинирање на Стратегиските приоритети и цели (20-21 мај.2015 година, извештајот е прилог на докумнетов) и*
- *Следење на расправата по предлог-документот и неговото донесување.*

# Кратко резиме

Стратегијата за локален  развој 2015-2019 година се состои од три дела: Анализа на трендовите и опкружувањето; стратегиска мисија, визија и цели на општината и акциски план за имплементација на стратегијата.

*Во прviот дел* анализирани се постигнувањата во изминатиот четиригодишен период.

- Главни согледувања се дека општината бележи позитивни трендови во однос на условите за живот, работењето и активностите на економските субјекти, изразени преку пораст на изградбата, општествениот производ и зголемување на општинскиот буџет.
- Основни проблеми на општината се: невработеноста кај младите; поголем развој на приватниот сектор; поголем прилив на инвестиции;  уредување на просторот согласно новите барања на приватниот сектор и граѓаните; загадената животна средина и потребата за реновирање на објектите за образование, култура и спорт.
- Потенцијал за развој  на општината постои во носење на нови ДУП-ови, побрзата изградба на урбанизираните локации, поголемата искористеност на туристичкиот потенцијал  и поттикнување на растот на постојната стопанска структура.
- Потребите за инвестиции се однесуваат на подобрување на инфраструктурата и бизнис-средината, поттикнување и поддршка на економските активности на приватниот сектор и градење на капацитетот на човечки ресурси  за вработување, водење бизнис-активности и водење општински проекти.

*Во вториот дел*  дефинирани се пет долгорочни Стратегиски насоки за  развојот на општината ( вкупно18 приоритетни Стратегиски цели и 122 мерки/проекти).

1) *Унапредување на условите за живот и стандардот на граѓаните* со 7 Стратегиски цели, 23 мерки и 69 проекти;
2) *Диверзификација на економските активности преку привлекување нови бизниси и инвеститори* со 3 Стратегиски цели, 7 мерки и 21 проекти*;*
3) *Зголемување на вработувањата* со 3 Стратегиски цели, 6 мерки и 12 проекти;
4) *Јакнење на комуникацијата со граѓаните, бизнис-секторот и меѓународните програми и донатори* со 3 Стратегиски цели, 5 мерки и 15 проекти; и
5) *Унапредување на туризмот* со 2 Стратегиски цели, со 5 мерки и 5 проекти.

*Во третиот дел* презентиран е акцискиот план за имплементација на Стратегијата и неговата усогласеност со Стратегиските приоритети на релевантните европски, национални и локални документи.

- Вкупниот буџет изнесува 20,080,000.00 евра, од кои 2,441,200.00 евра од повисоките нивоа на власт (12%); 13,709,000.00 евра од општинскиот буџет (68%); 1,218,000.00 евра од донатори (6%); и 2,712,000.00 евра од други надворешни извори (14%).
- Потребните средства од   општинскиот буџет на годишно ниво во просек ќе изнесуваат 4,569,000 евра или учество од 40% во годишниот буџет на општината во 2014 година
- Имплементацијата опфаќа активности за градење партнерства, примена на постапка за реализирање на мерките и следење на индикаторите за успешност.

Материјалот е презентиран текстуално со слики  и преглед -табели, со анекси на табели за појаснување на текстуалниот дел

# СТРАТЕГИЈА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА КАРПОШ 2015-2019

## 1. Краток преглед на состојбите и опкружувањето во општината

### 1.1. Профил на општината

#### *1.1.1. Историја на општината*

Најголемиот дел од подрачјето на кое е формирана општината го носело името Карпош кое е заедничко име (прекар) на две значајни личности од историјата на македонскиот народ:

**Карпош - војвода**, кој во 1689 година бил водач на селското востание од Кривопаланечкиот и Кумановскиот крај и се борел против турските феудалци - паши (Карпошево востание). Востанието било задушено, а Карпош бил заробен, набиен на колец, избоден со копја, по што од Камениот мост во Скопје Турците го фрлиле во реката Вардар.

За да не се заборави името на Карпош тоа име го земал **Христијан Тодоровски -** народен херој на Македонија од НОБ и легендарен партизански командант во североисточна Македонија. Тој храбро загинал на 7 февруари 1944 година, во борба против фашистичката полиција во селото Билјача.

По кажување на еминентни македонски историчари името на Општината Карпош не може да се поврзе само со една од овие две значајни историски личности, со оглед на тоа дека самото име Карпош асоцира на монолитност и истрајност на македонскиот народ за сопствена држава и сопствен национален идентитет.

Општината Карпош е формирана на 3 ноември 1976 година со Законот за формирање на општини на Град Скопје и за утврдување на нивните подрачја ("Службен весник на СРМ" бр.8/76).

#### *1.1.2 Локација на Општината*

Општина Карпош се простира во северозападниот дел од Македонија, централно западен дел на Град Скопје. Општина Карпош на својата источна страна се граничи со општина Центар, на запад со Општина Ѓорче Петров, на северна страна со Општина Бутел, а јужно се простира падината Водно, каде се простира граничната линија со Општината Сопиште. Карпош има правец на простирање со површина од 35 км².

Според Статутот на Општина Карпош, подрачјето на општината е утврдено со закон. Границата на Општина Карпош почнува од ул. Рузвелтова па по должина се протега до крај на Бул.Партизански одреди т.е. до Порта Влае.



Општина Карпош е поделена на 14 заедници, од кои 13 се урбани, а една рурална (Бардовци).

#### *1.1.3. Географски карактеристики и природни услови*

Врз климатските особини на територијата на Општина Карпош посебно влијание има положбата и локалните географски услови. Средната годишна температура на

воздухот изнесува 13,8 Целзиусови степени. Општина Карпош се одликува со топли и суви лета, а зимите се умерени и студени. Есента е релативно потопла од пролетта.

На територијата на општината просечно годишно паѓаат по 441,2 литри во м2 врнежи кои се нерамномерно распоредени во текот на годината. Вкупно има 102 просечни денови со појава на дожд, 9 дена со појава на снег кои главно се ограничени само во зимските месеци и се јавуваат од ноември до март и 14 дена со појава на магла исто така во зимските денови.

### *1.1.4 . Демографски карактеристики*

Со донесувањето на новиот закон за територијална организација, во општината на 35 км2 површина живеат 60.580 жители ( Според Државен Завод за статистика од 2014 година).

Во Општина Карпош живее 11,24% од вкупното население во Скопје, а 2,94% од вкупното население во Република Македонија. Со просечен број од 3,02 члена по домаќинство во општината живеат 13,43% од вкупниот број домаќинства во Скопје.

Националната струтура на населението е: Македонци 88,50 %;  Срби 3,66 %; Роми 1,03 %; Власи 0,68 %; Турци 0,55; %;Бошњаци 0,16 %; Албанци 3,27 %; Останати 2,12 %; (според пописот на население од 2002)

Староснатa структура на населението е понеповолна во однос на некои општини од Градот Скопје и Република Македонија. Помал е процентот на учеството на децата,  а поголем е процентот на учество на население постаро од 65 години.

Природниот прираст на населението изнесува – 46 (податок Државен Завод за статистика од 2014 година).

Според половата структура, 53% од населението се жени, а 47% мажи ( табела бр 3).

### *1.1.5 Услови за живот*

#### 1.1.5.1.Домување

Според пописот на население од 2002 година, Општина Карпош има 22.838 станови, со 1.590.358 м2 станбена површина. Имајќи предвид дека во општината има 19.680 домаќинства, бројот на станбен фонд е поголем од вкупниот број на домаќинства.

#### 1.1.5.2.Сообраќајна инфраструктура

Сообраќајната инфраструктура во Општина Карпош генерално се состои од магистрални улици во надлежност на Градот Скопје како и собирни, станбени и сервисни улици во надлежност на Општина Карпош. Низ центарот на Општина Карпош поминува бул. Партизански Одреди, паралелна на него е бул. Илинденска кој е неодамна реконструиран како и бул. Теодосие Гологанов кој е во фаза на реконструкција. Овие булевари се поврзани со бул. Октомвриска револолуција како и собирните улици  Рузвелтова, Московска, Љубљанска и Никола Парапунов. Улиците кои се во надлежност на Општина Карпош односно сервисните и станбените улици се целосно реконструирани во изминатите 5 години. Општина Карпош изврши реконструкција на вкупно 147 улици што претставува 90% од вкупната сообраќајна инфраструктура во Општината. На истите претходно е извршена изградба или реконструкција на атмосферска и фекална канализација, топловодна инсталација како и поставување на оптичките кабли од сите кабловски оператори. На сите улици извршена е и реконструкција на тротоарите со проширување за паркирање на возилата. Извршена е и реконструкција на паркинг просторите донесени согласно ДУП-овите за Општина Карпош. Извршена е вертикална и хоризонтална сигнализација на улиците, а се врши и постепена замена на

дотраените знаци. Од горе наведеното Општина Карпош претставува модерна и урбано средена со реконструирана инфраструктура, што и овозможува да биде водечка општина во Градот Скопје.

### 1.1.5.3. Образование

Во Општина Карпош постојат **четири државни градинки:** ЈУОДГ Мајски Цвет со 2 клона, ЈУОДГ Орце Николов со 3 клона, ЈУОДГ Пролет со 3 клона и ЈУОДГ Распеана Младост, како и **три приватни градинки:** Бисери, American school, Француска градинка**.**

Во општината егзистираат **десет основни училишта**: ОУ Христијан Тодоровски Карпош, ОУ Вера Циривири Трена, ОУ Лазо Трповски, ОУ Петар Поп Арсов, ОУ Војдан Чернодрински, ОУ Владо Тасевски, ОУ Братство, ОУ Димо Хаџи Димов, ОУ Јан Амос Коменски, ОУ Аврам Писевски. На територија на Општина Карпош има и **три приватни основни училишта**: Нова, Јахија Кемал и American School. Во последните 5 години значително се подобрени условите за учење и работа во државните основни училишта и градиники, како резултат на повеќето проекти реализирани од страна на Општината Карпош.

На територија на општината се наоѓаат и **шест средни државни училишта во државата**: СУГС Никола Карев, СУГС Зеф Љуш Марку, СУГС Орце Николов, СУГС Георги Димитров, СУГС Лазар Танев, СУГС Здравко Цветковски и **три приватни** средни училишта: Нова, American School и Јахија Кемал.

Постојат **шест државни** факултети: Педагошки факултет, Електротехнички факултет, Машински факултет, Технолошко-металуршки факултет, Факултет за ликовна уметност и Факултет за драмски уметности, како и **два приватни** факултети: Факултет за туризам и New York college.

Исто така, во Општина Карпош постојат услови за сместување на ученици, студенти и постдипломци и тоа во: Ученички дом Здравко Цветковки, Студентски дом Гоце Делчев и Дом за постдипломци.

### 1.1.5.4. Здравствено осигурување

Во општина Карпош постои развиена здравствена мрежа, во која постои можност за давање на квалитетна и разновидна здравствена услуга, почнувајќи од примарна, специјалистичка, хируршка и секако голем дел на приватни здравствени услуги. Од  вкупниот број на 165 здравствени установи  13 се јавни установи и 132 приватни. (табела 14)

Исто така, на територијата на општината постојат и **најголемите две приватни болници**: Систина и Филип Втори.

### 1.1.5.5.  Култура

Објекти од областа на културата во Општина Карпош во кои се одржуваат редовни и повремени претстави, фолклорни фестивали, концерти, ликовни колонии, манифестации и слични дејствија  се: Драмски Театар, Кинотека на РМ сместена во Библиотеката "Другарче", Амфитеатар – на кејот на реката Вардар, Античкиот локалитет Скупи, Манастирот Св. Пантелејмон

Општината Карпош се вклучува во негувањето и развојот на културата преку организација и покровителство на повеќе културни манифестации кои се предвидени во програмата која ја подготвува опшината: Меѓународна детска ликовна колонија Манастир Св. Пантелејмон – с. Горно Нерези, Културно лето – Карпош, Детски театар.

Општина Карпош дава поддршка на установи и НВО од областа на културата каде општината традиционално се вклучува како покровител и тоа  Програмата на АКУД “Цветан Димов” (Меѓународен детски фолклорен фестивал, “Од цвет на цвет со оро и песна”) ; Програмата на АКУД “Мирче Ацев” (Меѓународен студентски фолклорен фестивал); Здружението за негување на древните традиции “Касантика” (“Денови на Александар Македонски“ – на локалитетот Скупи) , како и поддршка на други институции и здруженија од

областа на културата и творештвото кои дејствуваат на територијата на Општина Карпош: Македонска етно група Монистра, АКУД Етнос, АКУД Каршијака, Детски ликовен центар и др. ( прегледот на сите општински манифестации е анекс на Стратешкиот план).

По повод празникот на Општина Карпош секоја година се одржува прослава со богата културно-уметничка програма на која земаат учество голем дел од академските уметници кои живеат и творат во Општина Карпош. По тој повод општината прогласува *заслужни граѓани на Општина Карпош* истакнати во својата област/професија.

#### 1.1.5.6. Туризам

На територијата на која се протега општината наследени се локалитети од културно значение кои се негуваат и воедно претставуваат туристички локалитети кои отсликуваат делови од минатото.

АНТИЧКИ ГРАД СКУПИ – Во подножјето на Зајчев Рид, од левата страна на реката Вардар, во непосредна близина на населбата Злокуќани, се наоѓа античкиот град Скупи, древниот поредок на Скопје. Пред доаѓањето на Римјаните на овие простори, градот бил населен од познатото племе Дарданци, а со населувањето на Римјаните овој град прераснал во колонија со што започнал опшиот развиток-процвет. Скупи се наоѓал на една важна сообраќајница која ги поврзувала Егеј и Средна Европа, а во помала мера и Тракија со Јадранското Море. Пронајдените историски податоци зборуваат дека во 313 година Скупи станал епископско седиште, а нешто повеќе од еден век подоцна и архиепископско. Овој град својот голем економски и културен подем го забележал во два различни временски периоди, првиот во I и II век, а вториот во раниот IV век по Христа. Пронајдените материјали и предмети го покажуваат различниот социјален статус на граѓаните на Скупи, неговите културни и економски белези кои говорат за еден град како значајна станица на патот Via Egnatia.

СВЕТИ ПАНТЕЛЕЈМОН – манастир со црква, задружбина на Алексеј Комнин. Се наоѓа во с. Горно Нерези. Подигнат е во 1164 година. Црквата претставува петокуполна градба врз крстообразна основа, со три апсиди и правоаголен нартекс. Градена е од кршен камен и тули. Посебна уметничка вредност има фрескоживописот, реализиран од сликар повикан од Цариград. Сликите што ги украсуваат ѕидовите претставуваат ремек – дело на уметничките текови од XII век и се предвесник на италијанската сликарска ренесанса. Од тој корпус, најпозната е композицијата “Оплакувањето на Христос”. Во 1555 година, како последица од земјотрес, се урнала централната купола на црквата и највисоките сводни површини околу неа. Денешниот живопис на овој простор е од втората половина на XIV век.

ХАВЗИ – ПАШИНИ КОНАЦИ - Во непосредна близина на Скопје,на периферијата на с.Бардовци се наоѓаат конаците на Хавзи – паша. Конаците, кои биле харем во кој живееле 4 жени и 30 слугинки (конкубини), Хавзи – паша ги изградил во период помеѓу 1830 и 1845 година. Тие по својата намена биле изградени како летниковец за одмор на пашата. При повлекувањето на Германците во 1944 година, конаците биле запалени и уништени, со што е дојдено до денешната состојба во која има само голи ѕидови.

МИЛЕНИУМСКИ КРСТ – Милениумскиот крст симболично го означува јубилејот 2000 години од христијанството. Крстот е бетонска основа од мали столбови (12 апостоли) и големи (4 евангелисти) со 66 метри конструкција поделена на 33 делови (години на Христос). Милениумскиот крст се наоѓа на врвот на планината Водно (1.066 метри надморска височина), непосредно над градот Скопје. Пуштен е во 2002 година и претставува највисок објект во Македонија.

СОНЧЕВ ЧАСОВНИК – Универзалниот вертикален сончев часовник, единствен од ваков тип во светот, е поставен на зградата на Природонаучниот музеј. Карактеристично за овој универзален мерач на времето е тоа што тој може да биде поставен на која и да е географска ширина и должина, а сепак да покажува точно време. На него може да се отчитува реалното физичко време со точност од плус или минус 15 минути. На часовникот се прикажани и основните точки, линии, насоки и рамнини од небесната сфера како и сферните координатни системи за потребите на астрономските набљудувања и мерења. Авторот на

пронајдокот, Коља Асенов, инаку прв професор по астрономија во земјава, е добитник на бројни домашни и меѓународни награди.

САРКОФАЗИТЕ ОД КАРПОШ – Збирката од литографски споменици пред Музејот на Град Скопје е составена од триесетина камени споменици од античкиот град Скупи, откриени во локалитетот во подножјето на Зајчев рид, на само 5 km од денешниот центар на градот. Градскиот музеј поседува околу 23.000 предмети од локалитетот Скупи. Преку овие камени споменици може да се направи хронолошки пресек низ материјалната и духовната култура во римскиот период од I до III век, а одбрани се ексклузивни, раритетни предмети со голема естетика, материјална, историска и археолошка вредност, споменици кои се разликуваат според намената и поводот поради кој биле подигнати, според материјалот и според статусот на личностите на кои им биле посветени. Интересен е податокот дека четирите гробни ковчези веднаш пред влезот во Музејот биле откриени во една од најурбаните населби на денешно Скопје, во Карпош 3, во околината на денешниот трговски центар во таа населба.

### 1.1.5.7. Спорт

Карпош располага со **три спортски сали**: сала "Борис Трајковски", сала "Партизан", сала "Форца", **еден затворен базен** "Борис Трајковски", **деветнаесет спортски игралишта** и **четериесет и пет детски игралишта** .

### 1.1.5.8. Економски карактеристики

**Бројот на економски субјекти** според стопанските гранки кои делуваат на територија на Општина Карпош се: **291 во градежништво; 1.124 во трговија на големо и мало; 198 транспорт и складирање; 187 објекти за сместување; финансиски дејности и осигурување; 502 стручни, научни и технички дејности; 166 административни и помошно услужни дејности; 8 јавна управа и одбрана; 67 образование; 177 дејности на здравствена и социјална заштита, 111 уметност, забава и рекреација и 312 други услужни дејности.**

Најважни стопански гранки во општината се **хемиската индустрија, транспортот и шпедицијата, градежништвото, прехрамбената индустрија и производството на безалкохолни пијалоци, трговската и услужната дејност.**

### 1.1.5.9. Пазар на работна сила

Бројот на работоспособно население во Општина Карпош изнесува 26.212 жители, вработени лица се 21.784, додека бројот на невработени лица е 4.428. Бројот на економски неактивни лица е 23.784 жители.

Најголем процент од населението или 50,75 % се со средно образование, следат 23,12% или 11.595 со високо образование, а секако најмал процент паѓа на лица кои завршиле докторски и магистерски студии т.е. 0.96% односно 0.99%(попис 2002)

## 1.2. Организација на локалната самоуправа Карпош

### *1.2.1. Локална самоуправа – Општина Карпош*

Во рамките на Локалната самоуправа согласно Законот за Локална самоуправа постојат 2 (два) органи и тоа: Градоначалник на Општина Карпош и Совет на општината.[4]

#### 1.2.1.1. Градоначалник

Согласно **член 51** од **Статутот на Општината**, Градоначалникот на Општината Карпош во рамките на своите овластувања:

- Му предлага на Советот на Општината донесување на одлуки и други општи акти од негова надлежност
- Кога е изрично овластен донесува поединечни акти во согласност со закон, статут, односно одлука на Советот
- Раководи со управните и административните органи
- Именува и разрешува раководни лица на управните, односно административните органи на Општината
- Донесува акт за систематизација на работите и задачите во управните и административните органи на Општината
- Предлага еден член на Советот за архитектура на Градот Скопје
- Врши прием во работен однос и дава отказ од работа на лица за извршители во управните и административните органи во Општината по претходно добиено мислење од Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања
- Врши и други работи утврдени со закон и со овој Статут

#### 1.2.1.2 Совет на општината

Во Советот на општината партиципираат 23 советници од различни политички партиии. Со новите Локални избори одржани на 05.04.2009 година, Советот на Општина Карпош го сочинуваат:

- ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата – 9 советници
- СДСМ и коалицијата – 9 советници
- ГРОМ – 5 советници

**Надлежности на Советот**

Надлежностите на Советот и Градоначалникот се уредени со Статутот на Општината ("Службен гласник на Град Скопје" бр. 8/97), а во исто време е донесен и **Деловник за работа на Советот**.

Согласно **член 43** од **Статутот на Општината**, **Советот на Општината** ги врши следниве работи:

- *Донесува:*: Статут на Општината; Деловник на Општината,; Програма за работа на Советот; Буџет на Општината **и** Завршна сметка на Буџетот;Детални урбанистички планови и урбанистичка документација за населените места во Општината; Програма за уредување на градежното земјиште; Програма за изградба и одржување на локалните патишта; Програма за јавно осветлување и за сервисните и станбените улици и улиците во населените места; Програма за изградба, реконструкција и одржување на локални водоводи; Програма за уредување, организирање и одржување на јавното зеленило, дрворедите, јавните водени

[4] Статут на Општина Карпош , https://dl.dropboxusercontent.com/u/45103154/Sluzben%20Glasnik/statut-precisten-2013%20(iva).pdf

површини и јавните фонтани на сервисните и станбените улици и улиците во населените места; Одлука за одржување и користење на јавниот пазар – Тафталиџе; Одлука за начинот на чистење на оџаците;

- *Дава мислење на* Програмата на јавната чистота; Програмата за одржување на гробиштата; Програмата за одржување и користење на коритата на реките; при основање на основни училишта; по предлог-законите што се однесуваат на Општината; на Градот Скопје по материјалите што тој ќе ги достави до Советот
- *Делегира претставници во*: органите на управување на училиштата од основното образование и во установите од областа на културата, спортот, социјалната и детска заштита, предучилишното образование и здравствена заштита, заштитата на животните и билките и унапредување на животната средина
- *Врши работи од* областа на цивилната заштита; одделни овластувања во согласност со Законот врз добрата од општа употреба и природните богатства на подрачјето на Општината
- *Основа* управни и административни органи; инспекциски органи и служби; јавни служби, јавни установи и јавни претпријатија
- *Именува и разрешува* раководни органи на јавните служби, установите и претпријатијата што ги основа на предлог на Градоначалникот
- *Врши надзор и контрола* над работата на органите и службите, установите и претпријатијата што ги основа
- *Избира и разрешува* Претседател на Советот
- *Формира* Комисија за мандатни прашања, избори и именувања; Формира Надзорен одбор за вршење надзор над материјалното и финансиско работење во Општината;постојани и повремени работни тела.
- *Востановува* општински признанија и награди
- *Одлучува* за бројот на вработените во управните и административните органи на Општината и Одлука за основање, организација и работа на управните и административните органи на Општината
- Врши и други избори и именувања од својата надлежност
- Донесува и други одлуки за работите од својата надлежност
- Дава автентично толкување на актите што ги донесува
- Врши други работи утврдени со Закон, Статут и други акти

**Комисии во функција на Советот на општината:**

- Комисија за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Карпош
- Комисија за прописи на Советот на Општината Карпош
- Комисија за урбанистичко планирање на Советот на Општина Карпош
- Комисија за финансирање и локален економски развој на Советот на Општината Карпош
- Комисија за јавни дејности (образование, социјална и детска заштита) на Советот на Општината Карпош
- Комисија за комунални работи и сообраќај на Советот на Општината Карпош
- Комисија за заштита на животната средина и природа на Советот на Општината Карпош
- Комисија за спорт на Советот на Општината Карпош
- Комисија за култура на Советот на Општината Карпош
- Комисија за негување и чување на традициите на Македонскиот народ и Македонската држава и заштита на историските споменици и спомен обележја на Советот на Општината Карпош

Во однос на повремените Комисии формирана е и Комисија за изработка на Програмата за работа на Советот на Општина Карпош, како и Комисија за еднакви можности меѓу жените и мажите, која е законска обврска согласно Законот за еднаквост меѓу жените и мажите.

### *1.2.2. Организациска поставеност на локалната администрација*

Општинската администрација ја сочинуваат ( органограм бр 1, стр 57):

- Секретар на општината
- Четеринаесет сектори поделени во одредени области

#### 1.2.2.1. Секретар на општината

Секретарот на општината има за цел да врши остварување на законско, ефикасно и ефективно работење и раководење со општинската администрација во насока на извршување на надлежностите на општината кои се од локален итерес за општината, обезбедување на извршување на други надлежности утврдени со закон, како и поддршка и спроведување на работата и политиката на Градоначалникот за развој на општината.

#### 1.2.2.2. Организациона поставеност на секторите на општината

Извршувањето на надлежностите е поделено помеѓу Советот на општината и Градоночалникот. Општинската администрација се организира во сектори и во одделенија. Организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација ги утврдува Советот врз основа на предлог на Градоначалникот.

**1. Сектор за правни работи**

- Одделение за норматива
- Одделение за правна заштита

**2.Сектор за поддршка на Градоначалникот на општината**

- Одделение за координација на активностите на Градоначалникот
- Одделение за помошни работи
- Одделение за прашања од областа на месната самоуправа
- Одделение за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра

**3.Сектор за финансиски прашања**

- Одделение за буџетска координација
- Одделение за утврдување и наплата на даноци, такси и други надоместоци
- Одделение за буџетска контрола
- Одделение за сметководство и плаќања

**4.Сектор за јавни набавки**

- Одделение за набавки од мала вредност
- Одделение за набавки од голема вредност

**5.Сектор за развој на општината**

- Одделение за локален економски развој
- Одделение за занаетчиство, угостителство и туризам
- Одделение за меѓународна соработка и поддршка на здруженија на граѓани и фондации.

**6.Сектор за урбанизам, просторно и урбанистичко планирање и проектирање**

- Одделение за просторно и урбанистичко планирање
- Одделение за архитектонско планирање и проектирање

.

**7.Сектор за уредување на градежно земјиште и комунални работи**

- Одделение за уредување на градежно земјиште

- Одделение за комунална инфраструктура

**8.Сектор за дејности од јавен интерес**

- Одделение за образование
- Одделение за детска заштита,социјална заштита и здравствена заштита
- Одделение за култура и спорт.

**9.Сектор за заштита на животната средина и природата**

- Одделение за заштита на животната средина и природата
- Одделение за енергетска ефикасност

**10.Сектор за односи со јавност и информација на граѓаните**

- Одделение за односи со јавност
- Одделение за информации на граѓаните

**11.Сектор инспекторат**

- Одделение за урбанистичка и градежна инспекција
- Одделение за комунална инспекција
- Одделение за инспекциски надзор над вршењето на работите од другите
- надлежности на општината

**13.Сектор за спроведување на урбанистички планови и постапка за експропријација на недвижности**

- Одделение за спроведување на урбанистички планови
- Одделение за недвижен имот и постапка за експропријација на недвижности

**14. Сектор за информатича технологија**

- Одделение за развој на информациониот систем
- Одделение за информатичко-комуникациска инфраструктура
- Одделение за географски информационен систем (ГИС)

**15.Сектор за поддршка и организација на работата на Советот на општината и архивско административни работи**

- Одделение за поддршка на работата на Советот
- Одделение за стручно и стручно административни работи

**16.Одделение за човечки ресурси**

**17.Одделение за внатрешна ревизија**

#### *1.2.3. Месна самоуправа - урбани и рурални заедници*

Месната самоуправа на територијата на Општина Карпош е организирано со 13 се урбани и 1 месна заедница, со цел да се овозможи демократско и поефикасно исполнување на граѓанските интереси. Урбани заедници се: Карпош 1, Карпош 2, Карпош 3, Карпош 4, Влае 1, Влае 2, Тафталиџе 1, Тафталиџе 2, Владо Тасевски, Кузман Јосифовски Питу, Пецо Божиновски Кочо, Нерези, Злокуќани и **една рурална заедница** Бардовци.

Во согласност со Статутот на општината, највисок орган на месните заедници е Советот избран од граѓаните. Тој е составен од 3 до 5 членови со мандат во времетраење од 4 години. За претседател се избира член од редовите на Советот на заедница.

Преку Советот, граѓаните можат да даваат иницијативи и предлози кои се од јавен или локален интерес, до надлежните органи во општината.

Според Статутот на Општина Карпош, граѓаните преку месната самоуправа се грижат за: решавање на прашања од комунална инфраструктура за соодветното подрачје; изградба и одржување на објекти од јавен интерес (водоводи, улици, културни домови, спортски објекти и др.); заштита на животната средина и природата; уредување и одржување на гробиштата во селските населби; покренување иницијатива за уредување на просторот; организирање културни, спортски, забавни и други манифестации и други работи од непосредно секојдневно значење за животот и работата на граѓаните.

#### *1.2.4. Подрачни единици во општината на органи на државна управа*

На територијата на општината лоцирани се подрачни единици на органите на државната управа:

- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, ПЕ Карпош;
- Министерство за труд и социјална политика, ПЕ Карпош;
- Меѓуопштински центар за социјална работа, ПЕ Карпош;
- Министерство за финансии и имотно-правни односи, ПЕ Карпош;
- Министерство за правда;
- Министерство за одбрана, ПЕ Карпош:
- Дирекција за заштита и спасување;

Од министерствата и органите на државната управа, индиректно влијание на локалниот економски развој имаат Министерството за земјоделство преку субвенциите за земјоделците и програмите за рурален развој и ИПАРД; Министерството за економија преку програмите за поддршка на конкурентоста; Агенцијата за поддршка на претприемништвото преку програмите за поддршка на малите и средните претпријатија, Агенцијата за промоција на инвестициите и извозот преку програмите за привлекување инвеститори и програмите за извозна промоција; Агенцијата за вработување преку активните мерки за вработување и за самовработување.

Општина Карпош треба да воспостави соработка со овие институции за да овозможи поголем пристап на претпријатијата и невработените на нејзината територија во користењето на средствата што се наменети за поттикнување на локалниот економски развој.

#### *1.2.5. Заинтересирани страни - влијание, очекувања и ресурси*

Заинтересирани страни за локалниот економски развој на општината Карпош се:

- ***Општинското раководство и администрација***. Интересот произлегува од потребата да се испорачаат услуги за граѓаните и стопанските субјекти, како и желбата за поголемо искористување на расположливиот економски потенцијал.

*Влијанието на општинското раководство е преку*:

- o Уредувањето на просторот и изградбата на комуналната инфраструктура ;
- o Одредувањето на општинските даноци , такси и давачки
- o Финансирањето на програми за привлекување на инвеститори, со цел пораст на економските активности на територијата на општината;
- o Знаењето и капацитетот за дизајнирање нови општински услуги (со надомест или без надмест) со цел подобрување на квалитетот на живеење.

*Ресурсите кои се на располагање на општината за финансирање на развојот се:* општинскиот буџет; квалификуваните кадри и институцуоналниот капацитетот за водење и финансирање на проекти, како и знаењето за аплицирање на донаторски програми и грантови; природните ресурси; туристичките и културно-историските локалитети; соработката со општините од другите држави и региони во Европа.

*Очекувањата за поврат на вложувањата:* зголемен промет на недвижности (данок на промет со недвижности); зголемено користење на просторот (наплата на комуналии); пораст на инвестициите и нови работни места (ДДВ и персонален данок); пораст на вработувањата (персонален данок и придонеси); зголемен прилив на средства од надворешни извори на финансирање (буџет на општината)

- ***Приватен сектор (стопански и градежни претпријатија, занаетчии, земјоделци и туристички агенции)*** имаат интерес за зголемување на обемот на работа и профитабилноста.

*Влијанието на ЛЕР е:* Преку знаење за организација на производството, иновативноста и технолошкиот развој; Пораст на инвестициите и Подобрување на конкурентоста.

*Ресурси со кои располагаат се*: производите и услугите; пазарите; клиентите и набавувачите; стручниот кадар и технолошката опремност.

*Очекувањата од ЛЕР се*: *подобар и поефтин пристап до* ресусрси, информации, нови пазари, квалификуван кадар и ситемот на јавни набавки.

- ***Невладините организации и професионалните*** асоцијации имаат интерес да го подобрат статусот и перспективите на целните групи на граѓани кои се предмет на нивното делување.

*Влијанието на ЛЕР е* преку бројноста на мобилизираните граѓани во проектите за поттикнување на локалниот развој.

*Ресурси со кои располагаат се:* искуство за проекти; блиските контакти и односи со граѓаните; капацитет и знаење за спроведување проекти, како и искуство во повлекување и користење на донаторски средства.

*Очекувањата од ЛЕР се*: зголемен број на проекти; зголемен обем на финансиски средства; опрема и знаење за комуникација и испорака на услуги до целната група на граѓани.

- ***Граѓаните - поединци (вработени, невработени, млади, високо образован кадар)*** имаат интерес за подобрување на стандардот и квалитетот на живот.

*Влијанието на ЛЕР* е преку бројноста во вклучување во проектите за ЛЕР, стручно знаење и поддршката на општинските иницијативи и акции.

*Ресурси со кои располагаат се*: идеите, знаењето и времето за работа на проектите.

*Очекувањата од ЛЕР се:* нови работни места; поголем приход; социјална инклузија и самопотврдување.

- ***Државни органи и институции*** (Град Скопје, Скопскиот плански регион, Владата на Р. Македонија) имаат интерес да се зголеми базата на даночните обврзници, нивните економски активности, како и да се зголемат средствата за нивните програми

*Влијанието на ЛЕР* е преку законите, располагањето со природните ресурси и управувањето со институциите што го поддржуваат развојот.

*Ресурси со кои располагаат се:* Програмите и буџетските средства, државните ресурси (природни, културно-историски, човечки, интелектуални и финансиски).

*Очекувањата од ЛЕР* се зголемена конкурентност на националната економија, поголема наплата на даноци, такси и придонеси, поголем девизен прилив и поголема стапка на вработеност.

- ***Донаторите и ЕУ-програмите*** имаат интерес за зголемени ефекти од користењето на нивните програми, изградба на институции за управување со развојот и влијание за подобар животен стандард на граѓаните.

## 1.3.Трендови во развојот на Општина Карпош во последните 5 години

### *1.3.1. Движење на населението*

Во Општина Карпош во периодот 2009-2013 година **нема значително зголемување на населението,** имајќи ги предвид бројот на новородените деца, умрените и поголемиот број на доселени лица.

Бројот на деца опфатени во установите за згрижување на деца, основното и средното образование варира од година во година, но со тенденција на намалување од 2012 до 2014 година.

#### 1.3.1.1. Жители

Во Општина Карпош просечно годишно за последните пет години се раѓаат околу 578 деца или 9% од вкупно родените деца во Градот Скопје (6.608), најмал бројот на умрени новороденчиња до 12 месечна возраст е 2011 (2), а најголем во 2013 т.е. 6 доенчиња.

Бројот на умрените лица во општината најголем е во 2010 година (682 лица), а во 2011 година се намалил 71 лице во однос на 2010 година.

Генерално во општината поголем е бројот на умрени лица, во однос на живородени и тоа секоја година, што значи во Карпош постои негативен природен прираст на население, кој е најголем во 2012 година(-107), а најмал во 2009 година (-21). Но прирастот на населението се должи на повеќе доселени од отселени лица, од 600 до 1.000 годишно.

Во Општина Карпош во разгледуваниот период **бројот на доселени лица во општината незначително варира, но заедно со Општина Аеродром и Центар имаат најголем процент на доселени лица во однос на другите општини од Град Скопје.** (табела бр 7)

#### 1.3.1.2. Деца

Бројот на деца во установите за згрижување на децата изнесува 2.393 и тоа преставува 21 % од вкупниот број на деца во Градот Скопје. ( табела бр 8)




***Слика 1. Структура на деца во установи за згрижување на деца-Скопје***

Бројот на деца во установите за згрижување на деца во 2013 е зголемен за 17 % во однос на 2009 година, но истовремено **зголемен е и бројот на наставници за 8% во однос на 2009 година.**

### 1.3.1.3. Ученици во основното образование

Бројот на учесници во основното образование во периодот 2009-2013 година се движи во просек од 6.104 ученици, со малку поголемо учество на ученици од машки пол, 51%, додека број на наставници во ОУ се движи околу 431, со доминантна застапеност на жените. (Табела бр 9 и 10)

**Бројот на деца по наставник се намалува од 15 деца по наставник во 2009 на 13,8 деца по наставник во 2013 година**. (Табела бр 11)




***Слика 2 Деца по наставник воОсновните училишта во општината Карпош***

### 1.3.1.4. Ученици во средните училишта

За разгледуваниот период **бројот на ученици во средното образование е намален за 4 %,** 6.135 средношколци во 2009 и 5.863 средношколци во 2013 година, со поголема застапеност на ученичките (Табела бр 12).

**Бројот на наставници во средните училишта се зголемил** од 19 наставници во 2013 година, во однос на 2009 година. Со тоа бројот на средношколци по еден наставник изнесува 13,4 во 2013 година, но, поради помалиот број на запишани средношколци во однос на 2009 година тој е намален (Табела бр 13).

### *1.3.2. Економски субјекти*

**Бројот на активни субјекти во општината од година на година варира. Постои степен на благо зголемување од 2010 до 2012 година, додека во 2013 година се забележува намалување од 1,2%** во однос на 2009 година, со доминатно учество на микропретпријатијата. (Табела бр 13).

Општината Карпош е на второ место според учеството на бројот на формирани преptrијатија (14,95%) во градот Скопје, после Центар со 27 %.




***Слика 3 Број на претпријатија во Скопје и нивното учество по општини во 2013***

#### 1.3.2.1. Структура според големина

Во однос на структурата на претпријатијата по големина во Градот Скопје, во Општина Карпош има поголема застапеност на мали претпријатија, а помала на микро претпријатија.( табела 14)







**Слика 4.Учество на претпријатијата според нивната големина во Карпош и Град Скопје за 2013 година**

### 1.3.2.2. Структура по дејности

Најголемиот број регистрирани стопански субјекти во општината се во дејноста *трговија на големо и мало - 1.124, а следат стручни научни и технички дејности со 502*, а додека најмалку претпријатија се регистрирани во Секторот за јавна управа и одбрана со 8 деловни субјекти. (Табела бр 16).

### 1.3.2.3. Угостителски и сместувачки капацитети

*Бројот на угостителски објекти е константен* во разгледуваниот период и изнесува 114 објекти со 516 вработени (Табела бр 17).

Во општината има 15 сместувачки капацитети, кои вработуваат 281 луѓе. Во нив има 649 број на соби и 1.590 легла. Се вкупно зафаќаат површина на објектите од 15.380м2. (Табела бр 18).

## *1.3.3. Градежни работи, објекти и станови*

### 1.3.3.1. Инфраструктура

Учеството на општината во вкупно извршените градежни работи во инфраструктура во Градот Скопје изнесува 3%. (Табела бр 18).

Најголемо учество во извршените градежни работи има Општина Центар со 89% .




***Слика 5. Учество на скопските општини во извршени градежни работи – инфраструктура - 2013г.***

Извршените градежни работи во Општина Карпош од 2013 година се зголемиле за 1,4 пати во однос на 2010 година. Поголем раст на извршените работи има во Аеродром и тоа 4,8 пати (Табела 19).

Најголемо учество во извршените градежни работи во општината во 2013 година имаат станбените згради, а потоа нестанбените згради и на транспортна инфраструктура (Табела бр 20).

### 1.3.3.2. Градежни објекти

Општина Карпош учествува во Градот Скопје со 15% во бројот на градежни објекти на деловни субјекти, а 20% во вредноста на завршените градежни работи на деловните субјекти.

Извршените градежни работи на деловните субјекти во Општина Карпош се зголемиле за 15,8 пати во 2013 година во 2009 година ( Табела 21)




***Слика 6. Учество на општините во бројот и вредноста на градежните објекти на деловните субјекти во Град Скопје***

### 1.3.3.3 Станови во индивидуална режија

Општина Карпош учествувала со 24% во вкупниот број градежни објекти во индивидуална режија, а со 22% во вкупниот број на станови во Градот Скопје.




***Слика 7 Учество на Карпош во вкупниот број на градежни објекти во индивидуална режија во Градот Скопје за 2013 година***




***Слика 8 Учество на Карпош во вкупниот број на завршени станови во индивидуална режија во Градот Скопје за 2013 година***

**Бројот на градежни објекти во индивидуална режија во Општина Карпош во 2013 година е намален за 2 пати во однос на 2009 година** (Табела бр 22).

Бројот на изградени станови во индивидуална режија во 2009 година изнесувал 231, за во 2013 година да се зголеми на 13 стана повеќе. Од друга страна, во разгледуваниот период просечната површина по стан останува непроменета. (Табела бр 23).

#### *1.3.4 Туристи*

Општина Карпош е на второ место во Градот Скопје според бројот на туристи (Табела бр 24).

Постои **тренд на зголемување на домашните и странските туристи во општината**, 1,2 пати зголемување во 2014 година кај број на домашните туристи и 0,4 пати кај број на странските туристи.

Исто така постои тренд на зголемување на домашни и странски туристи и по број на ноќевања во 2014 година, за 0,7 пати за домашни туристи и 0,9 пати кај странски туристи. Најголем број на домашни туристи имало во месеците март и декември, а кај странските туристи во мај, јуни и во септември.

Забележителен е порастот на бројот на ноќевање по странски турист, 2,44 ноќевања/турист во 2014 во однос на 1,72 ноќевање/турист во 2011 , тренд што не е присутен во другите општини во градот Скопје. (табела 25)

## 1.4. Учество на општинскиот буџет во финансирање на развојот

Во периодот 2009-2014 година Општина Карпош **го реализира општинскиот буџет под планираното,** освен во 2011 година кога реализацијата на буџетот е иста со планираната (Табела бр 26).

Индексот на зголемување на *планираниот буџет* во 2014 во однос на 2009 година изнесува 3,54 (зголемување за трииопл пати, а индексот на *реализираниот буџет* е 1,252(зголемување за 25,2%).

На **приходната страна**, во истиот период 2009-2014 година значително зголемување бележат даноците на специфични услуги за 50% , а намалувањето е кај неданочните приходи за 54%, капиталните приходи за 21% и кај капиталните приходи за 32% ( табела 27)

Во истиот период , **расходите** бележат помал пораст од приходите(20% во однос на 25.2% пораст на приходите). Најголем пораст за разгледуваниот период има кај субвенции и трансфер за 3,5 пати, потоа кај стоки и услуги за 71% и кај плати и надоместоци за 29%. Намалување бележат само капиталните расходи за 35%. ( табела 28)

Во структурата на реализираниот буџет има промени и на приходната и расходната страна. (Табела бр 27 и 28).

На приходната страна се зголемило учеството на даночните приходи (од 68,9% во 2009 на 82,3 % во 2014) а кај другите приходи има намалување на учеството на неданочните приходи (од3,7% во 2009 на 1,3% во 2014), трансферите и донациите (од 8,9% во 2009 на 4,8% во 2014 година) и капиталните приходи ( 18,5 % во 2009 на 11,5% во 2014 година)

На расходната страна се зголемува учеството на стоки и услуги (од 31,7% во 2009 на 45,2% во 2014), на субвенциите ( од 3,9 на 11,3%) и на платите и надоместоците од 14,1% на 15,2 %. Во истиот период, учеството на капиталните расходи се намалило од 50,6% во 2009 на 27,6% во 2014 година.







***Слика 9 Структура на приходите и расходите на општинскиот буџет во 2014 година***

Во однос на трендовите во општинскиот буџет може да се заклучи следново:

- **Постои позитивен тренд на зголемување на даночните приходи во однос на неданочните приходи** што укажува на зголемена економска активност;
- Треба да се анализира трендот на **намалување на учеството на владините трансфери** за да се оцени како да се покрие евентуалниот недостиг на средства за пренесените надлежности на општината;
- Во последните години забележително е дека збирот на капиталните  приходи и даноците на специфичните услуги се поголеми од капиталните расходи . Овој тренд треба да се одржи за расчистување на долговите на општината.

## 1.5. Ставови на заинтересираните страни за насоките на локалниот  развој

За согледување на мислењето на заинтересираните страни за идните насоки на општинскиот равој и за утврдување на Стратегиски приоритети, се спроведе анкета со бизнис-секторот и невладините организации на територијата на општината, како и со членовите на Советот на општината и вработените во општинската администрација. Во продолжение се презентирани ставовите на заинтересираните страни, а Извештајот со одговорите од анкетата е анекс  на овој документ.

### *1.5.1  Анкета на релевантните актери на локалниот развој*

#### 1.5.1.1. Мислење на членовите на Советот на општината

**Визија за општината**

- ЗЕЛЕНА ГРАДИНА и ТУРИСТИЧКА ОАЗА на културниот,еколошкиот,образовниот,спортскиот и урбаниот туризам
- Привлекува интерес на домашните и на странските инвеститори
- Нови индустриски капацитети од домашни и странски инвеститори, отварање на слободна финансиска зона, нови вработувања

**Проблемите за остварување на визијата**

- ❑ Законите кои ја опфаќаат регулативата на локалната самоуправа, во делот на финансирање на локалната самоуправа. Треба да се предвидат повеќе изворни приходи на општините, поточно да се прошири нормативната рамка оквир за поквалитетно финансирање на општините.
- ❑ Дефинирање на појасни односи општини и Град Скопје
- ❑ Отсуство на дефиниран стратешки концепт,координиран помеѓу општината, владата и инвеститорите(стопанството), доследно менаџиран и спроведуван
- ❑ Имотните односи во поранешна касарна Илинден
- ❑ Отсуство на поволности за нови инвестиции

**Активности за подобар стандард на живеење на граѓаните**

*а) Во руралните делови*

- заокружување и довршување на комуналниот, урбаниот,инфраструктурниот, социјално и образовниот развој.
- комунална инфрастуктура(водовод и канализација) и патна инфраструктура и подобро поврзување на урбаните и руралните делови(пр. мост на Вардар помеѓу Илинденска и Скупи за поврзување на Злокуќани и Бардовци со урбаниот дел на Карпош)
- градинки-Бардовци, Злокуќани, Нерези-јавно приватно партнерство на светски јазик слично на Орце Николов и Јавно приватно партнерство со светски училишта за ОУ Аврам Писевски и ОУ Братство со посебно напредни програми на светски јазици
- урбанистичко планирање на пензионерски домови и домови за стари лица
- Канцеларија (лабараторија за развој на земјоделието) при МЗ. +Агро берза

*б) Во урбаните делови*

- Сите можни слободни површини со хортикултурно и парково уредување-Карпош- Зелена Градина, како и Планирање и изградба на што повеќе паркинг места-Целосно решавање за иднина
- Подобрување на јавниот транспорт-иако не е надлежност на општината-навремена изработка на физибилити студија за иднина
- Изградба и адаптација на простор за културни-артистички настани
- Целосно урбанистичко,архитектурно,хортикултурно и уметничко анимирање на кејот на реката Вардар од двете страни-Планирање на изградба на објекти кои ќе бидат обележје и симбол на општината, градот и државата.
- Изработка на Мапа или регистер на значајни објекти,објекти –културно наследство,значајни места од сите области,значајни луѓе...

*в) Работни места*

- Привлекување на инвеститори кои ќе вложуваат капитал во оштината и ќе отвораат нови бизниси/стопански објекти.
- Давање на поддршка на граѓаните за полесно вработување преку организирање на разновидни обуки финансирани од општината (странски јазици, информатичка технологија и сл) доквалификации и преквалификации кои ќе ги направат граѓаните поконкурентни на пазарот на трудот.
- Давање на поддршка на граѓаните за самовработување (консултантски услуги, правна помош и сл.), поддршка на малите и средните локални претпријатија преку давање на поволности за користење на градежно земјиште на територијата на општината, поволности за користење на деловен и друг простор во владеење на општината на малите и средните локални претпријатија, давање на поддршка од разновиден карактер на младите луѓе за започнување на сопствен бизнис и др.
- Достапност до информации за нови вработувања и Start – up компании

**Проекти во функција на економскиот развој на Општина Карпош**

- Слободна економска зона во Општина Карпош
- Нови објекти: Културен центар;-Амфитеатар;Надземна едношинска железница; -кејот
- Служба во општината за: Иновативни проекти и Програми за кредитирање и субвенционирање на самовработувања

**Соработката со граѓаните, невладините организации и бизнис секторот во Општина Карпош**

- **Креативен центар за развој на Општина Карпош**, Да се создаде **креативна мрежа помеѓу** граѓаните, невладините организации, бизнис секторот и државните инситуции со логистичка поддршка и институционално водена од Општина Карпош
- Граѓански сервис за потребите на граѓаните во оние сфери кои се во надлежност на локалната самоуправа како урбанистичкото и просторното планирање, издавањето на градежни дозволи, уредувањето на просторот и градежното земјиште, заштита на животната средина, комуналните дејности и сл.
- Во однос на невладиниот сектор ќе напоменам дека и сега општината реализира одлична соработка во таа насока, земајќи предвид дека најголем дел од проектите на Општина Карпош се реализираат со овој сектор. Во тој контекст оваа соработка треба и понатаму да продолжи и уште повеќе да зајакне.
- Во однос на бизнис секторот општината може да ја подобри соработката преку давање на уште поголеми поволности за користење на градежно земјиште и уредување на истото за потребите на можните инвеститори; давање на поддршка за брендирање на производи кои се типични за подрачјето на нашата општина; промовирање на угостителско-туристичките капацитети на територијата на Општина Карпош; создавање и промовирање на партнерство со цел привлекување на странски инвеститори; давање на поддршка на бизнис секторот за учество на манифестации, саеми и сл.
- Директен контакт со млади невработени и Обука за користење на овие фондови

**Зголемување на инвестициите и вработувањето во Општина Карпош**

- Слободна економска зона и поволности за новите инвеститори
- Развивање на ХОРТИКУЛТУРНО ПРОИЗВОДСТВО како високо доходовна гранка на земјоделието.
- Проект Карпош-Туристичка оаза ,Креативна општина и ЗЕЛЕНА ГРАДИНА

### 1.5.1.2. Мислење на администрацијата на општината

**Визија за општината**

- Да биде водечка општина на спортско поле, поурбана, современа и зелена општина со висока стапка на вработеност, високо ниво на приходи и инвестиции со зголемен број на вработувања во приватниот сектор
- Одржливост на животната средина преку достигнување на стандардите на Европската унија и користење на најдобрите практики и искуства во соработка со граѓаните и примената на најдобрите принципи и вредности .
- Лидер меѓу општините во наплата на приходите и во реализација на буџетите.
- Општината треба да воспостави услови за пристојно, безбедно и здраво живеење на своите граѓани, за што основен предуслов претставува одрживиот економски развој.
- Општина со голем број на инвестиции од чиј резултат ќе произлезат бројни вработувања

- Општина фаворит во државата а пред се сакам да биде пристојно место за живеење,со акцент на екологијата и заштитата на животната средина
- Заштедите на енергија и енергетската ефикасност во општината го следи трендот на европската пракса и директивата 31/2010/ЕУ , што е далеку понапред од реалната пракса во Р.М.
- **Гасификацијата во општината како преодна фаза од фосилните горива кон обновливите енергии**
- Нови зелени површини ,и нови велосипедски патеки за користење на превоз без издувни гасови.
- Модерна, европски ориентирана и средена општина во која ќе живеат граѓани со решени социјални проблеми, вработеност и просперитет.
- **Општина која во рамките на информатичката технологија ќе биде пример за останатите општини не само во државата туку и во регионот**
- Развиена ,економски стабилна ,самостојна,поголем број на фирми.даночна дисциплина на граѓаните и деловните субјекти.

**<u>Проблеми што треба да се решат во областите што ги покрива администрацијата</u>**

- Обезбедување на повисоко ниво на приходи преку навремена наплата на приходите со поголем ангажман на сите сектори.
- Заштитата на водите од загадување и обезбедување на квалитетна вода за пиење со изградба на прочистителен систем , воспоставување на мониторинг, заштита и следење на квалитетот на воздухот и супституција на постојните горива со преминување на чисти еколошки горива, соодветно управување со отпадот , изградба на депонии, надградба и зајакнување на капацитетите за животната средина со цел подигање на еколошката свест во однос на животната средина.
- Најчести проблеми, а со тоа и највлијателни, кои се јавуваат во функционирањето на секторот се немањето доволно свест за зачувувањето на јавното добро, како и за животната средина; **<u>слабата помош од страна на некои јавни претпријатија</u>** (кои патем се законски надлежни за овие проблематики, а прибираат и финансиски средства од граѓаните на Карпош за таа намена); недоволните финансии (кои се проблем се чини во сите единици на локална самоуправа во последно време) итн.
- **Поголема соработка со централната власт е потребна за да се привлечат странски инвеститори кои ќе отвараат проозводствени објекти**
- Отсуство на комуникациска стратегија за сегментиран пристап кон сите граѓани-жители на Карпош и кадровска доекипираност со оформени стручни секторски тимови во општината
- Невработеноста на младите во Општина Карпош
- Отсуство на **државен фонд за ЕЕ за пристап на средства за реализација на вакви проекти.,** Државни субвенции за примена на обновливи извори на енергија**,** формирање на ЕСКО компании од оваа област**,** поддршка од банките со меки камати за овие проекти**,** пристап до Европските фондови.
- Решени инфраструктурни и комунални проблеми, изградени и реконструирани фекални и атмосферски канализации, пречистителна станица, реконструирани улици и булевари, обновени фасади и др
- Поголема вклученост на граѓаните на Општина Карпош
- Најголем проблем за да се остварат сите цели и замисли со цел беспрекорно функционирање на ИТ технологиите се дефинитивно средствата

**Активности за подобар стандард на живеење на граѓаните**

- Овозможување спорт за секого и користење на привилегирани цени во спортските објекти под ингеренции на Општина Карпош
- Инвестиции кои ќе обезбедат нови работни места и подобри услови за живот.
- Подобрување на квалитетот и брзината на услугите кои ги сервисираме до граѓаните.
- Отварањето на нови работни места.
- Стратешко планирање на развојот на општината во сферата на урбанизмот, која ќе ја следи современа и функционална инфраструктура, технолошки развој. Еколошки осмислена согласно европските и светските трендови, културно и социјално авангардна.
- Развој на мали и средни претпријатија наспроти големи индустриски капацитети, и стимулирање на бизнис заедницата со цел подобрување на условите за вложување во секторот што ќе придонесе до потреба од нови вработувања.
- Енергетски ефикасните изградени индивидуални и колективни објекти директно влијаат на семејниот буџет со намалување на ставките за енергија и до 70%
- Мерките во јавните објекти во надлежност на општината ги намалуваат трошоците за енергија од буџетот и овозможуваат нивна алокација во нови инвестиции во оваа област во општината.
- Гасификацијата е важен елемент кој може да влијае директно кај граѓаните за поефтини и еколошки енергенси.

**Проекти во функција на економскиот развој на Општина Карпош**

- Спортски манифестации со врвен европски и светски квалитет
- Инвестиции кои ќе обезбедат нови приходи и нови работни места и подобри услови за живот. Микро бизниси; Отворање на трговски комплекс на занаетчии и ракотворби
- Едукативна, логостичка и финансиска помош на start-up бизнисите;
- ИПА проекти од областа на економијата и инвестициите
- Гасификација на општината
- Енергетска ефикасност како двигател на зголемен стандард на граѓаните

**Соработката со граѓаните, невладините организации и бизнис секторот во Општина Карпош**

- Манифестации од отворен тип како денови на Енергетска ефикасност
- Поголема соработка и комуникација во изработка на спортски проекти
- Стручно усовршување на вработените во насока на транспарентен и отворен однос кон граѓаните и невладините организации и чести и конструктивни средби со претставници од бизнис секторот во насока на осознавање на нивните идеи и потреби.
- **Чести и конструктивни средби со граѓаните, претставници од бизнис секторот и невладини организации во насока на осознавање на нивните идеи и потреби.**
- Потребно е општинско тело (Секторот за развој или некое од одделенијата на секторот), по претходно изработени бази на податоци за состојбата со пазарот на труд, да поттикнат формирање на тела од граѓани, невладини организации и бизнис секторот со кои ќе комуницираат на редовна основа.
- Институционална инкорпорација во системот на одлучување во локалната власт, интензивна соработка со младите и со невладините организации ,вклучително и здруженијата на граѓани.

- Заеднички активности помеѓу локалната самоуправа, бизнис заедницата и невработените лица со специфични знаења и вештини
- Постојана едукација, презентација на активностите на општината и максимална соработка со секторите и административните службеници во општината.
- **Отварање на што поголем број на канцеларии за поголема соработка на граѓаните со невладините организации и бизнис секторот во Општина Карпош**.
- Граганите на општина Карпош треба да бидат подобро запознаени со можните непогоди и со самото тоа да се развие свеста за вклучување во системот за заштита на целото население

**<u>Зголемување на инвестициите и вработувањето во Општина Карпош</u>**

- **Изградба на спортски центри**
- Поттик и поддршка кон самовработување и инвестиции насочени кон мали и микро претпријатија, како и отвореност за странски инвестиции.
- Реализација на инфраструктурни објекти во соработка со други институции ( третман на отпадни води, управување со отпад и индустриски жаришта ).
- Инвестиции за формирање на мониторинг мрежа во медиуми за кои не е воспоставен мониторингот (бучава , почва ,биодиверзитет....) и надградба на веќе постојните. Зголемување на донаторските финансирања на проекти од областа на животната средина и климатските промени.
- Креирање на мерки на поволности и даночни ослободувања за инвестирање во Општина Карпош како и презентација на истите пред домашните и странски инвеститори,
- Афирмацијата, лобирањето и презентирањето на можностите за doing business и евентуалните компаративни предности на Општина Карпош од оваа област, како во земјава, така и надвор од неа.
- **Да се додели повеќе државно земјиште со кое општината може да стопанисува , да го продава**...поволности при плаќање комуналии за да може да се привлечат инвеститори од страна
- **Да се забрза економскиот развој, да се направи пријателска клима за бизнисмените и инвеститорите преку даночни и комунални бенефиции,** да се брендира како еколошка општина и пријатно место за живеење. Центар на културата и просперитетот.
- Да се изготвуваат проекти за привлекување на инвестиции,а особено да се стави акцент на семејните бизниси.
- .Да се подобрат условите за инвестиции од страна на приватните фирми и да се изготви бизнис мапа преку која ќе се презентираат начините за инвестирање во општината а со тоа ќе се зголеми и бројот на вработени граѓани во компаниите кои ќе инвестираат
- Да се намалат комуналиите за изградба на деловни објекти,како и донесување на ДУП за нови индустриски зони на потег кон Визбегово и проектирање на нови населени места во дел кон Бардовци да има и Бардовци 1,2,3,4, и 5.

### 1.5.1.3. Мислење на месните заедници во општината

**<u>Визија за општината</u>**

- Најдобро и најпосакувано место за живеење од економски, културен, инфраструктурен, еколошки и др. план.
- Урбаната Заедница-место каде граѓаните најголем број од своите локални потреби ќе ги задоволуваат во нашата Урбана Заедница.
- Инфраструктурно уредена и економски развиена за да биде достоинствено место за живеење за среќни граѓани.

- Општина Карпош , како една од најпосакуваните општини за живеење со нејзиниот брз развој да доживее голем подем во економскиот развој
- Во наредните 5 години УЗ Злокуќани да ги достигне стандардите на економскот развој во сите сфери на живеење како останатите УЗ во Општина Карпош
- Да има доволно работни позиции во сите сфери на живеењето ,а со тоа да се задржи понудениот потенцијал на територијата на самата општина.
- Со напредниот развој на општината да се доживее голем подем во сите насоки на живеењето.
- Како општина во која економскиот развој ќе биде значително зголемен и животниот стандард на граѓаните значително подобрен.
- Задоволни, насмеани и среќни жители на урбаната заедница.
- Да биде најдобрата општина во Македонија

**<u>Проблеми што треба да се решат во областите што ги покрива месната заедница</u>**

- Да се уреди ентериерот на просториите во кои работиме.Секој вработен да има свој сопствен компјутер.Со граѓаните да се комуницира преку мејлови,исто така и со сите сектори
- Да се направат повеке паркинг-простори во делот околу Катастарот , да се асфалтираат старите дотраени улици и да се постават сообраќајни знаци по улиците онаму каде што има потреба од нив
- Нова урбана опрема и нови патеки за пешаци за да се добие помодерен лик.
- Вработувањето на невработените, пред се младите и комунално уредување на УЗ Нерези
- Да се доврши инфраструктурното уредување и да се донесат преостанатите ДУП.
- Дообука на вработените(развивање на нивните капацитети за задоволување на потребите на граѓаните од локална надлежност).
- Изведба на фекална канализација, како и проектирање на нови улици, отварање на детска градинка, амбуланта, пошта, банка
- Спортско игралиште,детски игралишта со современи реквизити,канализација-атмосферска и фекална,асфалтирање на улици и поплочување на тротоари,одржување на постоечките зелени површини,простор за едукација,библиотека,рекреација, работно катче за меѓусебно дружење на граѓаните.Поставување столбчиња на тротоарите за слободно движење на пешаците.
- Да се довршат инфраструктурните проекти како улици/тротоари, да се подобри хигената
- Асфалтирање на постоечките улици, како и проектирање на нови улици, отварање на детска градинка, амбуланта, пошта, банка,
- Во наредните 5 години МЗ Бардовци да ги достигне стандардите на економскот развој во сите сфери на живеење како останатите УЗ во Општина Карпош
- Да се променат сите покриви на зградите фасади и лифтови.Да се изградат нови паркиралишта.

**<u>Активности за подобар стандард на живеење на граѓаните</u>**

- ❖ Да се реновира и доопреми амбулантата во Влае ( пр. Лаб. за испитување крв ); да се модернизира Порта Влае како би се привлекле повеќе работодавци кои ке овозможат нови вработувања ; отворање на нова градинка во населбата ( поради поплаки од граѓани кои подолго време се на листа на чекање).
- ❖ Децентрализација-физичко приближување на општината со граѓаните(одредени потреби што ги имаат граѓаните да ги остваруваат во Урбаната заедница.
- ❖ Стимулативни мерки за отварање на нови мали компании и можност за нови вработувања.

- ❖ Дообука на вработените, навремено и квалитетно информирање на граѓаните и нивно вклучување во артикулација и имплементација на нови и квалитетни идеи.
- ❖ Да се намали невработеноста и сиромаштијата кај граѓаните и да се подобри инфраструктурата.
- ❖ Да се отворат нови работни места, да се изгради современ парк за кучиња до кејот на Вардар ; да се зголемат капацитетите на градинките и училиштето во населбата Влае.
- ❖ Отварање на нови компании каде луѓето ќе најдат свое место за вработување.
- ❖ Треба да се зајакне квалитетот за образование на децата, да има подобра заштита при работа, општинските услуги да станат поефикасни и претпријатија кои извршуваат комунални дејности да делуваат во согласност со потребите на граѓаните.
- ❖ Да се намали невработеноста; да се зголемат платите; да се извршат повеќе реконструкции на инфраструктурни објекти во урбаната заедница
- ❖ Поголемо вработување во приватните претпријатија,нови ифраструктурни објекти како болници амбуланти
- ❖ Да се направат повеке паркови,да се уредат со цвекиња, детски игралишта и паркинзи,ако некоја локација е вратена од денационализација сопственикот нека биде обештетен.

**<u>Проекти во функција на економскиот развој на Општина Карпош</u>**

- o Проблемот со притисокот на водата на ул.Леринска
- o Поставување на фекална канализација на места каде што нема.
- o Доасфалтирање на улиците кој што се влезени во програмата
- o Отварање на трговски и малопродажни центри кои спаѓаат во категоријата на дефицитарни субјекти
- o Довршување на ул.Струшка, ул.Козле 1010, ул.Ј.Гагарин 6 и нас.Трнодол. Носење на ДУП за ул.Козле 2 и обезбедување на локации за градба на објекти за мало стопанство, посебно услужни
- o Да се заврши асвалтирањето и реконструкцијата на улиците :Козле (главна),Козле 3,Козле 8 и Козле 10.Да се изгради дополнителен паркинг пред кулите на бул.Партизански Одреди 143 и 145 и партерно да се уреди просторот мегу нив.
- o Поставување времени угостителски објекти на плоштад “Делфина” ; отворање на центар во кој граѓаните ќе можат да остават работи кои не им требаат, а се функционални ( облека , мебел , апарати итн ), а оние на кои им се потребни да можат да ги подигнат бесплатно.
- o Со проширување на ДУП за УЗ Злокуќани ќе се постигне прилив на средства во Буџетот на општината кои средства ќе помогнат да се реализираат многу зацртани програмски активности во општината
- o Отварање на голем маркет,банки,пицерија-кафулиња,разработка на веќе постоечки Трговски Центар...
- o Реализација на проект каде ќе се задоволат барањата за вработувања на граѓаните.
- o Отварање на можности за приватни иницијативи пред се во рамките на услужните дејности, разни сервиси.
- o Да се намали невработеноста; да се зголемат платите; да се извршат повеќе реконструкции на инфраструктурни објекти во урбаната заедница
- o Да се донесат нови инвеститори,да се има идеја за отварање на бизниси кои ке бидат во функција на економскиот развој
- o Отворање на мали производствени и продажни центри за да се вработат граѓаните од општината.

**<u>Соработката со граѓаните, невладините организации и бинис секторот во месната заедница</u>**

- Со делегирање на одредени административни постапки од општинско на локално ниво т.е на ниво на Урбаната Заедница
- Почести контакти, семинари и обуки.
- Да има почести средби на органите на локалната самоуправа со граѓаните за добивање на конкретни предлози за економскиот развој на општината
- Повеќе отворени денови за средби со градоначалниот и останатите вработени во општината за полесно запознавање со секојдневните проблеми и потреби на граѓаните.
- Ангажирање на млади невработени лица од УЗ Злокуќани, а за потреба за реализација на разни проекти на овие организации
- Отворен ден за средба со стопанската комора,претприемачи и сл.размена на идеи и работно искуство меѓу правните субјекти на територијата на Општина Карпош
- Идеи и проекти на самите граѓани за нивните потреби да соработуваат со невладини организации и бизнис секторот.
- Да се организираат редовни состаноци помеѓу општинските надлежни служби и граѓаните каде што ќе се дискутира за општите проблеми и ќе се носат заеднички решенија.
- да се унапреди начинот и формата на информирањето за сите активности од сите полиња на општественото живеење.
- Ангажирање на млади невработени лица од МЗ Бардовци, а за потреба за реализација на разни проекти на овие организации
- Да се одржат трибини на кои граѓаните сами си ги кажале своите идеи за проектите за кои се заинтересирани да се реализираат

**<u>Зголемување на инвестициите и вработувањето во Општина Карпош</u>**

- Поволни услови за секој заинтересиран инвеститор и креирање на нови работни места.
- Носење на стимулативни мерки со погодности за вработување на граѓани од територијата на нашата општина.
- Усовршување на урбаната инфраструктура (пристап, паркинг, водовод, канализација, електрика, хигиена и сл.)
- Да се отворат мали и средни претпријатија на територијата на УЗ Нерези и Општина Карпош
- Отворање на нови бизниси кои ќе вработат нови лица , привлекување на странски инвестиции преку соработка на ниво на општини.
- Да има доделување на поволни кредити за самовработување на невработените лица
- Врз основа на реално планирање и домаќинско трошење на Буџетот, финансиски да се помогне во отварање на мали и средни претпријатија заради вработување на жители од Општината Карпош_.
- Отворен ден за средба со стопанската комора,претприемачи и сл.размена на идеи и работно искуство меѓу правните субјекти на територијата на Општина Карпош
- Доделување на поволни кредити за самовработување на граѓаните и инвеститорите каде ќе се отворат нови работни места.
- Да се создадат услови за полесно регистрирање за мали и средни бизниси и да се поддржат иницијативите за млади и креативни кадри за започнување на свои приватни бизниси со добивање одредени олеснувања од општината (користење на општински недвижен имот по соодветни цени, стручна помош, промоција.. итн.)
- Комплетно да се уреди локалитетот “Момин поток” за развој на мали и средни претпријатија со целосна инфраструктура ( сообраќајници, водовод и канализација ел. напојување и др.).

- Изготвување на проекти за привлекување на странски инвестиции.
- Врз основа на реално планирање и домаќинско трошење на Буџетот, финансиски да се помогне во отварање на мали и средни претпријатија заради вработување на жители од Општината Карпош.

### 1.5.1.4. Мислење на бизнис секторот

**Визија за општината**

- Модерна општина со изградена инфраструктура, која се стреми кон одржлив развој преку имплементација на мерки и адаптирање на објектите кон примена на енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија; резиденцијални и јавни објекти со енергетски пасоши; паркови, зеленило и игралишта за младите.
- Со оглед на одличната положба во рамките на Град Скопје , Општина Карпош има одличен потенцијал кој не е доволно искористен. Токму во наредните 5 години треба таму да се гледа економскиот развој како и подобрување на стандардот на своите жители ( најчесто близината на живеење одлучува при вработување)
- Да има повеќе отворени бизнис центри за младите.
- Би сакале да продолжи со растот кој го има во последните 10-тина години и да остане водечка општина во IT-секторот.
- Да се одвојат пари за изградба на читална; да се одвојат средства за промена на крововите на зградите;
- Да се даде да се отворат инкубатори за мали фирми кои ќе им помагаат во првите години околу простор и такви ситни детали кои значат на почетокот многу,со цел да застане фирмата на нозе и да може да егзистира.
- Би сакал во наредниот период да има повеќе инвестиции од страна на приватниот сектор а не од државниот.
- Да се подобри условот за фирмите- повеќе фирми,повеќе данок,повеќе пари за општината.
- Урбано модерно, прва во Скопје развиена,повеќе вработени млади лица
- Порта Влае да се третира подобро иако е граница со Општина Ѓорче Петров
- Би сакал да заживеат старите постоечки фирми и отварање на нови фирми,а со тоа зголемен економски развој, да продолжи да се развива и да се отвараат повеќе фирми и дуќани.
- Како секоја нормална општина заинтересирана за своите инвеститори.

**Проблеми што треба да се решат**

- Да се решат проблемите во Злокуќани со дивоградби,шупи,да се дислоцираат жителите кои немаат државјанство, а тој простор кој не е мал да се урбанизира.
- Реконструкција на улиците онаму каде што е потребно и да се завршат тие каде што реконструкцијата е веќе започната, отварање на што е можно поголем број на игралишта и паркови, поттикнување на населението да применува мерки за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија преку различни повластувања и поттикнување на потребата за спроведување на енергетски контроли во приватниот и јавниот сектор.
- Како првичен проблем за бизнис-секторот е локалната инфраструктура,потребно е да се доинвестира во проширување и обновување на локалната патна инфраструктура за да се создадат подобри услови за непречен пристап и движење во општината.

- .Долгите процедури кои некогаш траат и по неколку месеци се најголемиот проблем на кој треба да се работи ( особено за угостителство)
- Да се направат повеќе поволности во поглед на отварање бизнис центри, како и помош на младите во таа област, кои имаат помало искуство.
- Намалување (или извесно ослободување) од даноци и инвестирање во комуникациска инфраструктура.
- Подобрување на обученоста и кадарот на вработените во општината.
- Хигиената е незадоволна
- Во населба Влае недостига мини маркет,да се постават WC кабини на секои 500 метра
- Да се реши Багдадска-асфалтирање
- Да се донесат нови маркици за поголема висина на приватните куќи
- Плочките во Порта Влае да се сменат
- Да се намалат комунални такси за користење на општествен имот,да се направи категории за давачки (пр.Центар и Влае не треба да имаат исти давачки)
- Холтикултура за подобар изглед на граѓаните
- Инфраструктурата во Криви Дол
- Да се поработи повеќе на економски план
- Конкретно за Лептокарија и треба паркинг зона или една монтажна катна гаража.т.ц. Лептокарија да се исчисти, среди, може и на некој начин да се затвори од дожд, холтикултурно,да се осветли и одржува хигиената. Подобрување на ликот на тц.Лептокарија плочки и повеќе зеленило.
- Лично јас сметам дека голема пречка е неасфалтираниот паркинг на тц. во градба на Техника спроти Сити Мол,и не само што е проблем на тие што имаат локали во него туку ја нагрдува целата околина
- Да се реши проблемот со младите и нивното вработување.

**Активности за подобар стандард на живеење на граѓаните**

- Поттикнување на развојот на приватни и мали бизниси, правилна распределба на кадарот за работа и вреднување на знаењето.
- За секоја постапка треба да се консултира бизнис-секторот,за секоја важна одлука мора да постои претходна консултација,добро е да се инвестира во промоција на општината како еден од најдобрите трговски центри во градов. (Лептокарија)
- Што побрзо почнување на примена на ДУП-от, да се дадат олеснителни околности за start-up компании.
- Да се обезбедува складност помеѓу економскиот развој, заштитата на животната средина и социјалната сигурност во заедницата,транспарентност и јавност во работењето,економичност и ефикасност што значи рационално искористување на ресурсите.
- Разговор со стопанствениците на територија на Карпош при што да се договори предност при вработување да имаат пред се жителите на општина Карпош.Да се овозможи состаноци со искусни бизнис претприемачи, како и поголема консултација со граѓаните и нивните идеи од општината.
- Намалување (или извесно ослободување) од даноци и инвестирање во комуникациска инфраструктура
- Да се организираат хепенинзи;Да се подобри инфраструктурата и административната подршка од страна на општината.

- Да се донесе гас,економска зона, заживување на неактивни,производствени погони,исто така и развој на трговска мрежа, изградба на реконструкција на Порта Влае,КУПРОМ да се обнови, настани за развој на туризам
- Брендирање на производи што се произведуваат на териториите на Општина Карпош.**Повеќе средби со бизнис заедницата а не еднаш во три години.**
- Да се искористат објектите кои не се во функција со нивно реновирање и издавање како што е Асиба.

**Проекти во функција на економскиот развој на Општина Карпош**

- Поддршка на мали и средни претпријатија, поддршка и поттикнување на населението за инвестиции во енергетски ефикасни објекти и обновливи извори на енергија со што ќе се намалат други трошоци.
- Конкретна идеја би било проширување на капацитетите на паркинг-местото воведување на правила за секојдневен утовар-истовар на роба на локалните малопродажни места.Никако не смее да се воведе зонско паркирање бидејќи тоа целосно би ја уништило економијата и пред се малите бизниси кои долги години функционираат и опстануваат.
- Отворање на бизнис инкубатор потпомогнат од општината.
- Унапредување на бизнис климата и конкурентноста, поттикнување на инвестициите, поддршка на мали и средни претпријатија,инвестиции за поразвиена и подобра инфраструктура.
- Потегот од СЦ Борис Трајковски до скејт паркот во К-4 кој во моментов е неискористен и е делумна депонија е одличен простор да се урбанизира и да биде дом на многу компании кои би вработиле многу луѓе. Самата близина до патот кој води за Косово е одлична можност за заинтересираност .
- Организирање и присуство на различни типови форуми, саеми и обуки за конкретна област.
- Реновирање на фасади,промоција на искористување на алтернативни извори на енергија,подигање на јавна свест за животна средина
- Училиштата,градинките да бидат реновирани,да се обрати внимание на комплексот АНТИКО,моментално е “хорор”,само да се помине
- Да се среди проблемот со паркирање во тц.Карпош3.
- Проекти за вработување и поддршка за вработување на лица над 40 години.
- Организирање,средби,манифестации,бизнис средби, поголем слух за постоечките бизниси.
- Да се реновира тц.Лептокарија плочки,светло,тенди,детски игралишта.

**Зголемување на инвестициите и вработувањето во општината Карпош**

- Поддршка во отварање на мали и средни претпријатија, поддршка и поттикнување на населението за инвестиции во енергетски ефикасни објекти и обновливи извори на енергија, инвестиција во кадар со квалитетно образование, доквалификација на работниците или правилна распределба на кадарот.
- Да се привлечат нови странски инвеститори а со тоа ке се зголеми и бројот на вработување. **Да се олесни формирањето на нови бизниси**.
- Со поволна бизнис клима би се зголемиле можностите за инвестиции во општината а со тоа би се отвориле и нови работни места за граѓаните на општината.
- **Поголема економска промоција на самата општина преку најразлични форуми и настани** , каде јасно ќе се даде до знаење за можноста за инвестирање во општина Карпош , како и поволностите и бенефитите од истото за разлика од другите места.
- Да се почитуваат и применуваат мислењата на граѓаните, со цел да се работи за нивните потреби и услови за подобар живот, работа и желба за учество за работа и вложување во општината.

- **Да се подобрат условите за инвестирање и привлекување амбициозни македонски компании, посебно од ИТ секторот, во однос на фискалната политика, инфраструктурен развој и слично.**
- Да се дадат поволни услови на инвеститорите,на пример **од другата страна на кејот на Вардар има многу неискористен простор кој би бил одличен за некоја економска зона,секако тоа со себе си привлекува вработувања а и ќе ги активира фирмите локални за да се изгради самиот тој комплекс.**

**Дали сте заинтересирани да се вклучите во спроведувањето на Стратегијата за локален економски развој на Општината Карпош   за периодот 2015-2018 година?**

- Секако,секоја консултација со бизнис-секторот треба да биде приоритет за општината,бидејќи компаниите директно се соочуваат со секојдневни проблеми и точно знаат во која насока треба да се делува на секое поле.
- 85%  од анкетираните одговориле со ДА
- 5% само со идеи
- 10% одговориле со НЕ

### 1.5.1.4. Мислење на Невладините организации

**Визија за општината**

- Во иднина самата Општина **Карпош да дава поддршка за развој на мали и средни претпријатија** и на поединци кои започнуваат и сакаат да започнат свој сопствен бизнис на територијата на самата општина и редовно да има повици за поддршка на приватните сектори, со што истите ќе имаат мотив да продолжат и понатаму со своите дејности.
- Општина Карпош во идните 5 години ја замислувам како **сервис на бизнис секторот (деловните субјекти и граѓаните со ефикасна администрација,** целосно изградена комунална и сообраќајна инфраструктура, донесена урбанистичка документација што е основен предуслов за привлекување на нови домашни и странски инвеститори, лидер во промовирање на обновливи извори на енергија, поголемо учество на бизнис заедницата во заштитата на животната средина,  промовирање на зелени вештини, учество на програмите на ЕУ.
- За 5 години од сега го гледаме Карпош како општина која вложува во развој на претприемништвото и претприемничкиот дух пред се кај младите но и кај останатите граѓани. Општина која дава поддршка при отворање на нови бизниси.
- Го гледаме Карпош како општина која има **јасна стратегија за развој на младите** и ги гледа младите како ресурс а не како проблем
- Го гледаме Карпош како “зелена општина” со чиста околина и обележани велосипедски патеки.
- Развиена урбана општина, пример за останатите општини во државата со реализирани инфраструктурни проекти кои ќе ги решаваат потребите на граѓаните.
- Поразвиена со **поголеми капитални странски инвестиции и инвестиции од бизнис сектор.**
- Општина со 0 невработени жители,Намалена стапка на невработени лица за 2% жители на општина.
- Граѓанскиот сектор во улога на спроведувач на општинските активности (одржлив Граѓански Сектор),
- Ефективна, ефикасна и транспарентна општина
- Општината како **лидер во секторот за Енергетска ефикасност** и зголеменото користење на обновливи избори на енергија за сметка на необновливите.

- Максимална грижа и подобрени животни услови за вклучување / социјализирање / вработување **на маргинализираните групи и лицата со специфични потреби**.
- Сите помали, локални и сервисни улици да се асфалтирани без дупки, да имаат тротоари и да има паркинг места кај новите згради и малите населби.
- Поголем број на игралишта за деца и шеталишта во зеленило за постарото население и паркови во дистанцирани населби.
- Подобрени автобуски станици за приградските населби во рамките на општината.
- Побогати училишта со опрема за фискултура и експерименти за природни и технички науки.
- Да продолжи со исто темпо на развој и да размислува во насока на пронаоѓање простор за општинска економска зона во која ќе има поволности за домашни и странски инвеститори.

**<u>Проблеми што треба да се решат</u>**

- Да има олеснети услови, одредени поволности како и финансиски средства за отпочнување на разни видови на бизниси
- Висока стапка на невработеност, посебно на млади лица,
- Сложени и долги процедури за отпочнување на бизнис,
- Недоволна поддршка на домашни инвеститори за развој на своите бизниси, недоволни финансиски поволни кредити за т.н. start - up бизниси,
- Недостаток на финансиски кредити за воведување на мерки и практики од областа на животната средина,
- Недостаток на кадри и потреба од зајакнување на капацитетите на вработените во бизнис заедницата во поглед на енергетска ефикасност, почисто производство, еколошки дозволи и воведување на системи за управување со животна средина, управување со квалитет со храна, безбедност и заштита при работа и др.,
- Недостаток на знаење и вештини при апликација на ЕУ програмите наменети за мали и средни претпријатија, потреба од вмрежување на претпријатијата со истражувачките институции, цивилниот сектор и консултантски фирми,
- Недостаток на информации на web страната на Општина Карпош за програмите на меѓународните институции кои доделуваат поволни финансиски кредити за развој на мали и средни претпријатија
- Потребно е да се донесе Локална младинска стратегија каде претприемништвото кај младите би бил главен фокус. Преку ваква стратегија младите би придонесувале со идеи и проекти во работата на општината и би работеле на креирање на нови работни места.
- Исто така потребно е општината да направи физибилити студија за поставување на велосипедски патеки низ целата општина.
- Како најслаби страни на Општина Карпош, младите кои се жители на оваа населба, ги детектираа недостатокот на паркинзи, читални и непланската урбанизација која предизвикува значително намалување на зелени површини. Дополнителна слаба страна која е издвоена е губењето на маалскиот живот со отстранувањето на школските клупи кои претходно служеле за социјализација на младите. Оваа појава е особено предизвикана од непланската урбанизација на општината.
- Да се постави атмосферска канализација на улиците во сите урбани заедници, да се постават оптички кабли за поврзување со комерцијалните објекти, да се рехабилитираат/изградат велосипедските патеки, да се користат ОИЕ за намалување на загадувањето.
- Да се реши проблемот со паркинг во Карпош 3 што се појави откако City Mall почна да го наплаќа паркингот.

**Активности за подобар стандард на живеење на граѓаните**

- Наоѓање на локации за инвестициски определувања на слободна зона за странски инвестиции и непречено одвивање при добивање на градежна дозвола за градба,скратување на времетраењето за добивање на дозвола и определување на одредени поволности за идните инвеститори.
- Да се стимулираат стопански зони во дистанцираните населби од центарот за мала незагадувачко стопанство (услуги, занаети, мало производство) дури и со курсеви за доквалификација и преквалификација за дадени струки само за жителите на општината.
- Да се комплетира процесот на децентрализација и државното земјиште целосно да им припадне на општините. Исто така, Град Скопје повеќе да ги помага на општините.
- Мислам дека треба да се работи на намалување на загадувањето и охрабрување на алтернативните начини како тоа да се спроведе. На пример треба да се охрабри урбаниот велосипедизам, да се санираат и дополнително регулираат велосипедските патеки и да се работи на подигање на свеста за почиста и поздрава животна средина.
- Подобрување на инфраструктурата во одделни делови на територија на општината, поголема комуникација на релација работодавец – работник преку општината за лица кои активно бараат работа. Исто така Општината Карпош за лицата кои се Роми, а се жители на оваа општина да вложува поголеми напори за нивно вклучување/вработување во одредени активности.
- Спроведување на обуки за поттикнување на самовработувањето и обуки за доусовршување, преквалификации особено за зелени вештини,
- Подобрување на управувањето со животната средина (обезбедување на чиста вода за пиење, одведување на отпадни води, подобрување на квалитетот на воздухот и управувањето со отпадот
- Пред се општината треба да вложи напори во креирање на Локална младинска стратегија, која би била водилка за развојот на младите во општината. Ние како Младите можат и стоиме на располагање на општината за оваа клучна активност
- Спроведување на обуки за брендирање на традиционални производи на сопствениците на бизниси за производство на традиционални производи, како и на други заинтересирани лица.
- Изработка на студии за мапирање на постоечкото и потенцијалното културно-историско наследство.
- Поттикнување на употребата на јавниот превоз и намалување на употребата на индивидуални возила преку спроведување на јавни кампањи..
- Да се овозможат услови за поголема вработеност на образовани стручни кадри од повеке области,изградба на спортски сали и терени ,поголема афирмација на спортски клубови кои се активни со години во развивање на спортот во општината и да се промовира занаетчиството како гранка коде би се подобрил стандардот со промоцијата и продажбата на нивните производи.
- Од претходниот одговор следствено ќе се користат ресурсите и експертизата на Граѓанскиот сектор и нема да се оптоварува Општинскиот буџет за плати, а тоа значи повеќе средства за имплементација на активности за подобар животен стандард.
- Да се продолжи со процесот на реконструкција на јавните објекти согласно потребите истите да се енергетски ефикасни.
- Нови вработувања како и можност за хонорарни вработувања за потребите на целиот економски сектор преку јавни огласи
- Поголема берза на турдот со промовирање на невработените жители на општината кон сите стопански субјекти во општината и во Скопје со стимулирање за да добијат вработување.
- Да се помогне во доквалификација на жителите за потребни струки за креирање на мали стопански дејности во услуги и производство, како и воедно промовирање на постоечки стопански субјекти во

целиот град Скопје со што се зголемува приливот на домаќинствата. Тоа би можело со локални саеми или локални инкубатори и поврзување со други општини.

- Да се изградат (отворат ) социјални центри за меѓусебна помош на сиромашните(лицата-семејства кои се нашле во состојба на социјален ризик) и тие што имаат( и другите жители на општината) со размена на домашна опрема, мебел, облека или храна за противуслуга во реновирање дружење поправки и слично, можеби во форма на социјално претприемништво.
- Да се унапредат центрите за помош(сместување и нега ) на стари лица, како и да се иницира модернизирање на Геронтолошкиот завод 13 Ноември и Центарот за болни Сју рајдер со проширување со опрема и вработени
- Да се продолжи со инвестирање во тврда инфкрастурктура, како и во образованието.
- Општина Карпош е во најголем дел урбана општина, но сметам дека треба да се подобрат условите во некои делови на општината кои што се се уште рурални и со недоволно комплетна инфраструктура, со цел и тие граѓани да се чувствуваат дека живеат во урбана средина

**Проекти во функција на економскиот развој на Општина Карпош**

- Предлог за оние лица кои започнуваат свој бизнис, а немаат доволно средства за закуп на простории, Општина Карпош доколку има слободни простории истите да им ги даде на користење во рок од 2 години, со тоа што ќе ги обврзе после тие 2 години да останат таму одредено време и да плаќаат одреден надомест за закуп на општината.
- Формирање на база на податоци за стопански субјекти и потенцијал на човечки ресурси,
- Идентификација на потребите на стопанските субјекти во однос на понудата и побарувачката на пазарот на труд,
- Подобрување на општата бизнис клима за привлекување на инвестиции, Подобрување на функционирањето на пазарот на работна сила, Искористување и осовременување на постоечките индустриски капацитети,Промовирање на поволни кредитни линии за развој на локалната економија, Поддршка на локалните бизниси при подготовка на предлог проекти и проектни апликации за настап пред странски партнери и домашни и странски фондови, Развој на проекти, аплицирање за добивање на средства пред меѓународни организации, Заеднички настап на саеми и промоции, Перманентно зајакнување на услужниот и производствен сектор,
- Поттикнување на брендирањето во локалната економија, со посебен акцент на угостителските и туристичко – сместувачките капацитети за воведување на еко етикета, како и останати производи и услуги кои можат да добијат еко ознака, Стимулирање и поддршка на традиционално занаетчиство, Соработка со бизнис инкубатори, субвенционирање на иновативни микро бизниси, поддршка на млади претприемачи.

  МЛАДИ

- Формирање на младински клуб, односно обезбедување на просторија која би била наменета за организирање на активности кои ги засегаат младите: обуки и работилници, јавни дискусии, дебати, настани, состаноци и неформално дружење. Овој клуб би бил поддршка за сите младински организации и индивидуалци кои функцинионираат и живеат на територија на Општина Карпош.
- Креирање на Локална младинска стратегија

  КУЛТУРА

  →Потребно е да се превземат мерки за воведување на читална, која во моментов не постои во општината

  →Потребно е досегашните културни манифестации да бидат прилагодени на интересите на младите, промоцијата на артистите од општина Карпош да биде поизразена,

→поголема промоција на киното Карпош Урбан.

СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

→Изградба и обележување на велосипедска патека долж булеварот Партизански одреди

→Поставување на велосипедски паркинзи на фреквентни места низ целата општина

→ Повеќе турнири во најзастапените спортови за сите возрасти, повеќе иницијативи да бидат иницирани од самата општина, пример – искачување на Водно.

→Корекција на превисоките тротоари и креирање на рампи за полесно движење на лица со инвалидитет.

ПРЕТПРИЕМНИШТВО И МЛАДИ

→ Обезбедување простории за младите кои сакаат да основаат бизнис; Бизнис-консултантски услуги за младите ; Основање на општински бизнис инкубатор
→ Организирање општински натпревар по бизнис идеи и финансирање на најдобрите
→ Организирање мотивациони говори каде младите би се запознале со (нај)успешните претприемачи од општината
→ Создавање на мрежа на бизнис ангели кои живеат во општината
→ Одржување на општински бизнис саем
→ Поголем акцент на праксата
→ Отварање на департизиран младински локален клуб и вклучување на младите во креирањето на општински политики кои ги засегаат
→ Превземање на иницијативи со цел да се намали невработеноста, за која што се смета дека дополнително придонесува кон стареење на населението во Општина Карпош бидејќи младите се повеќе се иселуваат

УРБАНИЗАМ И ЖИВОТНА СРЕДИНА
→ Подигнување на свеста на населението за зачувување на животната средина генерално, а особено во однос на потребата од рециклирање на отпадот и поставување на соодветни канти;да се постават повеќе јавни чешми со вода за пиење
→ Јавно осветлување на сите тротоари
→ Потреба од поставување на повеќе корпи за отпадоци на кејот на Вардар
→ Спречување на понатамошното непланско урбанизирање, односно изградбата на нови и неквалитетни згради на несоодветни места

СОЦИЈАЛНИ ПРАШАЊА
→ Отварање на јавни кујни
→ Отварање на дневни центри за лица со посебни потреби
→ Отварање на повеќе градинки кои (како и сега) ќе бидат достапни само за жителите на општината
→ Водење на поголема грижа за социјално ранливите категории, особено обезбедување на поголема заштита на лицата со посебни потреби
→ Организација на повеќе едукативни посети за разни социјално загрозени групи, на пример во зоолошката градина, музеи,театри и различни институции
→ Вработување на повеќе стручни лица од педагошката област во училиштата Ангажирање на стручни лица од профилите кои недостасуваат во училиштата ,-социјален работник и дефектолог со цела да се комплетираат стручните тимови)

ЗДРАВСТВО
→ Вработување здравствени лица во оние училишта во кои нема таков персонал
→ Отварање на општински здравствен дом и дежурна служба

**Соработката со граѓаните, невладините организации и бизнис секторот во Општина Карпош**

- Презентирање на целите на НВО низ различни активности: **отворен НВО ден**, изложби, хуманитарни акции, акции од областа на животната средина, енергетска ефикасност, искористување на обновливи извори на енергија, преку јавни кампањи кои ќе бидат медиумски покриени во печатените и електронски медиуми, како и на web страната на Општина Карпош.

- ❖ Предлагаме во текот на годината Градоначалникот да организира квартални средби (на секои три месеци). Целта на средбата би била да се анализираат тековните проекти и да се споделат нови идеи кои би може да произлезат заедно со општината. Невладините организации можат да бидат од огромна корист за општината бидејќи тие работат на терен во текот на целата година и ги знаат проблемите и предизвиците со кои се соочува општината
- ❖ Да се отвори канцеларија за соработка со НВО секторот која ќе изработи регистар на НВО организации и здруженија на граѓани кои работат на територијата на општината. Преку канцеларијата редовно да се комуницира со граѓанскиот сектор на заеднички средби, меѓу другото и со раководните лица од општината и со градоначалникот.
- ❖ Да се изработи адресар на активни невладини организации и на истите да им се овозможи промоција на нивните активности во дејности што ги обавуват .
- ❖ Повеке денови за прием на граѓани и прифаќање на нивните идеи
- ❖ Заеднички настапи на манифестации, со споделена улога во организирањето меѓу двете страни.
- ❖ Да се даде предност во потпишување на договори за соработка или дозволи за работа со училишта или институции на НВО и во споредба со фондации, асоцијации и бизнис сектор за да се стимулира социјалниот елемент и вклучување на волонтери кои работат за граѓаните, за разлика од организации со поголем интерес кон профитот.
- ❖ Зголемување на бројот на договори со НВО за работа со целни групи и со градинки и училишта.
- ❖ Заедничка работа на унапредување на услугите или промовирање на геријатрискиот центар и други центри за грижа на болни и стари лица.
- ❖ Да се зголемат буџетите за поддршка на тој тип организации и да се поддржат проекти кои реално ќе придонесат за подобри услови за живеење.
- ❖ Организирање на различни активности каде што граѓаните и општината ќе комуницираат за политиките на општината (тркалезни маси, трибини, културни и спортски настани).

**Дали сте заинтересирани да се вклучите во спроведувањето на Стратегијата за локален економски развој на Општина Карпош за периодот 2015-2018 година?**

- ➢ 100 %интерес за вклучување во реализацијата на стратегијата

### *1.5.2 Заклучоци за мислењата на релевантните актери*

Мислењата на учесниците во анкетата се сумирани според поставените прашања. Доминираат следните заклучоци:

1) Размислувањата за Визијата за Општина Карпош се фокусирани на просторот, квалитетот на живот на различните категории на граѓани, услугите на локалната администрација и комуникацијата во остварување на визијата.

   **Визија на Општина Карпош ,**Туристичка оаза ,.Креативна општина и ЗЕЛЕНА ГРАДИНА, водечка на спортски, културен, образовен и социјален план, со

   - ❖ *Уреден простор* со вооедначени услови за живот во руралните и урбаните средини, дефинирани локации за бизниси, за спорт и рекреација и изградена инфраструктура;
   - ❖ *Квалитетен живот* на сите нејзини граѓани: деца, млади, возрасни и пензионери, вработени со создавање на услови за остварување на нивните потреби;
   - ❖ *Задоволни, насмеани и среќни жители* на урбаните и месните заедници;.

- Континуирани *поволности и локации за инвестирање и водење на бизнис*, за домашните и странските инвеститори, со олеснет пристап до информации, стручен кадар, финансиски средства ( грантови и кредити);
- *Развиени форми на поддршка на вработувањето и отварање на нови фирми,* преку стимулирање на креативноста, и претприемништвото, посебно кај младите луѓе
- Ефикасна администрација на локалната самоуправа, подготвена да ги:
  - Користи најдобрите светски практики,
  - Подобрува и унапредува економските услови и опкружување,
  - Поддржува и вложува во граѓаните - посебно во младите со цел обезбедување просперитет на заедницата
  - Промовира потенцијали за бизнис, инвестиции, туризам и креативни индустрии.

2) **Проблеми** што треба да се решат за остварување на визијата се однесуваат на:

- Дефинирање на поголеми законски надлежности на локалната самоуправа и уредување на односите со Градот Скопје
- Регулирање на имотните односи за поголем број на локации поволни за инвестирање и водење бизнис
- Надградба на системот на следење и заштита на животната околина, одржување на хигиената од јавните претпријатија во надлежност на општината
- Отсуство на форми за подрршка на креативноста на граѓаните и нивно вклучување во дооформување на потребната инфраструктура
- Постоење на неуреден простор кој може да се стави во функција на локалниот развој;
- Невработеност на млади лица,
- Сложени и долги процедури за отпочнување на бизнис,
- Недоволна поддршка на домашни инвеститори за развој на своите бизниси, недоволни финансиски поволни кредити за т.н. start - up бизниси,
- Недостаток на финансиски кредити за воведување на мерки и практики од областа на животната средина,
- Недостаток на кадри и потреба од зајакнување на капацитетите на вработените во бизнис заедницата во поглед на енергетска ефикасност, почисто производство, еколошки дозволи и воведување на системи за управување со животна средина, управување со квалитет со храна, безбедност и заштита при работа и др.,
- Недостаток на знаење и вештини при апликација на ЕУ програмите наменети за мали и средни претпријатија, потреба од вмрежување на претпријатијата со истражувачките институции, цивилниот сектор и консултантски фирми,
- Недостаток на информации на web страната на Општина Карпош за програмите на меѓународните институции кои доделуваат поволни финансиски кредити за развој на мали и средни претпријатија
- Отсуство на Локална младинска стратегија каде претприемништвото кај младите би бил главен фокус. Преку ваква стратегија младите би придонесувале со идеи и проекти во работата на општината и би работеле на креирање на нови работни места.
- Поголемо мобилизирање на младите за решавање на нивното вработување и вклучување во проекти поврзани со локалниот развој

- Голема потрошувачка на енергија и отсуство на фондови и мерки за примена на мерки за енергетска ефикасност и користење на обновливи извори на енергија;
- Подобро развиена ИТ мрежа и технологија за следење на светските трендови и практики;
- Отсуство на креативна мрежа помеѓу граѓаните, невладините организации, бизнис секторот и државните инситуции со логистичка поддршка и институционално водена од Општина Карпош;
- Повисоки приходи и поширока база на даночни обврзници за финансирање на развојните потреби на општината;
- Отсуство на стручни тимови во администрацијата за поголемо искористување на ЕУ програмите и фондовите.

3) **Активностите за подобар стандард на живеење на граѓаните се поврзани** со остварување на надлежностите за подобрување на условите во сите сфери на живеење, а пред се:

- Донесување на потребните ДУП-ови
- Реализирање на програмите за изградба на инфраструктура
- Поддршка на претприемништвото
- Подготовка на програми за сите социјални групи на население
- **Создавање услови за бизнис-активности**, нови вработувања и програми за поддршка и унапредување на претприемништвото
- **Зголемување на обемот на комуналните работи** (реконструирање на улиците и на дел од нив менување на сообраќајната сигнализација, канализацијата, оптички кабел за интернет, покриени автобуски станици, *уредување на пешачки зони, уредување на зелени површини)*
- **Подобрување на условите и квалитетот на образованието** (иновативни образовни програми, опремување на училиштата*)*
- **Подобрување на заштитата на животната средина** (ограничување на големите загадувачи, мерки за намалување на загадувањето)
- **Поголема вклученост на сите социјални групи** (зголемена активност со младите, пензионерски домови, вработување на социјалните случаи, поттикнување волонтерска работа).

4) Како **најчесто споменувани проекти** во функција на локалниот развој се:

- Слободна економска зона во Општина Карпош
- Нови објекти: Културен центар;-Амфитеатар;Надземна едношинска железница; -кејот
- Служба во општината за: Иновативни проекти и Програми за кредитирање и субвенционирање на самовработувања
- Креативен центар за развој на Општина Карпош
- Гасификацијата во општината
- Спортски манифестации со врвен европски и светски квалитет
- Проектите по месните заедници
- Формирање на бизнис инкубатор за млади
- Фонд за ЕЕ за пристап на средства за реализација на вакви проекти.
- Брендирање на локалните производи

- ❖ Мапирање на туристичките и културно историските локалитети

5) За **зголемување на инвестициите и вработувањето во општината** начјесто споменувани мерки се:
   - ❑ Поголема економска промоција на самата општина преку најразлични форуми и настани
   - ❑ Локации и поволности за нови бизниси
   - ❑ Одговорна, ефикасна и услужна администрација на локалната самоуправа

**6)** **<u>Во однос на соработката со граѓаните, невладините организации и бизнис секторот во Општина Карпош</u>** предлозите се однесуваат на следните форми на комуникација:
   - ❑ Директни контакти ; приемни денови, периодични средби , денови за идеи, отворен НВО ден
   - ❑ Индиректни контакти: преку веб страна и општинскиот весник
   - ❑ Периодични форуми, конференции, саеми и изложби

7) Најголемиот број на анкетирани се изјасниле дека се заинтересирани да учествуваат во спроведувањето на Стратегијата за локален развој на Општина Карпош

# 2. Анализа на опкружувањето

## *2.1. Поширокото опкружување -ПЕСТЛЕ анализа*

Со цел ефикасно и навремено да се предвидат промените на опкружувањето, Општина Карпош мора да ги разбере внатрешните и надворешните услови. Овој дел на скенирање на опкружувањето е исто така познато како PEST анализа, што всушност е кратенка од Политички, Економски, Социо-културни и Технолошки фактори.

Карактеристични фактори кои влијаат врз Општина Карпош се:

### 2.1.1. Политички фактори

- ❖ **Децентрализација** - продолжува имплементацијата на акцискиот план за следење на децентрализацијата и јакнење на капацитетот на општините за остварување на законските надлежности. Општина Карпош успешно ги комплетираше фазите од децентрализацијата и претстои јакнење на капацитетот на администрацијата за остварување на превземените надлежности.
- ❖ **“Позициски” статус во Владата и Градот Скопје** - По изборите 2013 година, актуелната општинска власт е коалиција на ГРОМ и ВМРО ДПМНЕ - партијата на власт на централно и градско ниво. Оваа се зајакна со парламентарните избори во 2014 година. Оваа позиција и овозможува на Општинската власт полесно реализирање на локалните политики
- ❖ **Евроинтеграции** - Република Македонија како земја кандидат за влез во ЕУ превзема чекори и реформи, кои ќе се рефлектираат и врз општините кои исто така ќе мораат да преземат дел од обврските за постигнување на зацртаната цел.
- ❖ **Безбедност и стабилност на државата/регионот** - Последните 18 години југоисточниот регион на Европа, посебно Балканот, беше под влијание на големи турбуленции и нестабилности. Оваа состојба сеуште не е надмината, дури и усложнета со однесувањето на опозициската партија СДСМ

### 2.1.2. Економски фактори

- ❑ **Странски директни инвестиции (СДИ)** - Политиката на владата за привлекување странски директни инвестиции ќе влијае и за поголеми инвестиции во општината . Општина Карпош со зголемените

надлежности кои произлегуваат од процесот на децентрализација сега има можност за самостојно привлекување и стимулирање на странските директни инвестиции.

- **Стабилност на макроекономската политика -** Стапката на инфлација, стабилноста на курсот на денарот и многу други макроекономски фактори имаат големо влијание врз бизнис климата, како на централно така и на локално ниво.
- **Трошоци за водење бизнис -** Многу е важно општината да ги намали овие трошоци и одвои повеќе средства за стимулирање на бизнисот. Исто така, општината треба да обезбеди и погодни услови, намалување на процедурите за започнување на нови бизниси, како и ефикасно да го имплементира едношалтерскиот систем (“one stop shop”). Она што се јавува како позитивно е дека Општина Карпош веќе го има ставено во употреба едношалтерскиот систем и ги има намалено процедурите за вадење на потребните документи.
- **Собирање на даноци и такси -** Централната и локалната власт треба да најдат начин за да ја зголемат ефикасноста во собирањето на разни такси од граѓаните.

Станува збор за финансирање на општината од граѓаните преку следните давачки: данок на имот, данок на промет на недвижности и права, данок на наследство и подарок, персонален данок на доход, данок од додадена вредност, такси за истакнување на фирми, такса за користење на улици и патишта, такса за јавно осветлување и други видови на даноци и такси. Успешноста на овој процес зависи и од довербата што граѓаните ја имаат во локалната власт.

### 2.1.3. Социо-културни фактори

- **Доверба во власта –**Општинското раководство треба да води политика на професионално работење и да биде поактивна и потранспарентна и во делот на услугите кои што ги нуди и исто така треба да оди кон што е можно поголемо вклучување на граѓаните во процесот на градење на политиката за добро општинско работење.
- **Слаба грижа за опкружувањето на граѓаните -** Грижата на граѓаните во врска со здравјето и чистата околина е на многу ниско ниво. Не би ги елаборирале причините за ваквата состојба, но воведувањето на подобра и поактивна едукација (започнувајќи од најмладите), и постојаното и доследно воведување на санкции врз граѓаните и стопанскиот сектор кои ја загадуваат околината и природата, со сигурност ќе дадат резултат. Резултатите ќе бидат поуспешни ако се имплементираат двете активности истовремено, без давање приоритет на само едната од нив.
- **Граѓанско учество -** Инволвирањето на заедницата може да помогне општинското раководство да работи со доза на “здрава критика”. Постојат голем број на бенефити кои може да се добијат доколку се зголеми учеството на јавноста во работењето на општината.

### 2.1.4. Технолошки фактори

- **Е-влада –** Е-влада е „усвоен наслов“ на информациската и комуникациската технологија на владини и јавни агенции и го трансформира начинот на кој институциите комуницираат со граѓаните. Неговата употреба ветува зголемување на ефикасноста и ефективноста на институциите и радикално го менува нивниот однос спрема јавноста. Напредокот во комуникацијата и користењето на технологијата игра главна улога во зголемувањето на животниот стандард и им дава поголема моќ на луѓето да добијат пристап до сите активности, но и да ги разберат системите кои им се достапни.

### 2.1.5. Фактори за заштита на животната околина

- **Енергетска ефикасност –** Прашањата за заштеда на енергија и користење на обновливи извори на енергија се повее се предмет на работа на општините. Локалната самоуправа е вклуечна во реализацијата на мерки за остварување на националните енергетски цели до 2020 година
- **Заштита на животната средина** најголеми ефекти има на локално ниво. Новиот закон за зелени зони пренесува надложности на локалната самоуправа за поголемо влијание во овј сектор.

## 2.2. *СВОТ АНАЛИЗА на единицата на локална самоуправа*

СВОТ анализата се однесува само на локалната администрација и служи за дефинирање на компаративните и конкурентските предности за наредниот петгодишен период.

| | *Позитивно влијание* | *Негативно влијание* |
|---|---|---|
| **Внатрешни фактори** | Strengths- Јаки Страни<br>• **Транспарентност:** Карпош Урбан" (кој се издава секои два месеци), Граѓански сервис центар, официјална Web страница, e-mail адреси, Канцеларии на месната самоуправа (отворени се 14 канцеларии)<br>• **Имиџ на успешност-** Добиени награди и признанија дома и во странство<br>• **Амбициозно раководство** ( изборна програма и предложени и реализирани проекти)<br>• **Искусна и обучена администрација** (континуирана обука)<br>• **Голем опфат на граѓаните во годишните активности ( контакти, проекти, настани,, средби и сл) листа на настани во анекс);**<br>• **ИТ опременост и ИСО стандард во работењето** | Weaknesses- Слаби страни<br>• **Недостаток на сопствена иницијатива** функционира по системот "top–down" менаџирање со организацијата<br>• **Финансиска нестабилност -** големи осцилации во реализација на приходите<br>• **Недоволно повлекување на средства од ЕУ фондовите** (мал број проектни апликации и добиени проекти )<br>• **Недоволно искористување на можностите за соработка (** мал број идеи за проекти со збратимени општини**)**<br>• **Недоволна искористеност на потенцијалот на НВО во општината** ( мал број на заеднички проекти и мал опфат на граѓаните преку НВО**)** |
| **Надворешни фактори** | Opportunities- Согледани Можности<br>• Атрактивност за Странски директни инвестиции (СДИ)<br>• Програмите на Градот Скопје, регионот и Владата<br>• Пристап до Европските фондови<br>• Пристап до фондовите за регионална соработка ( Стратегија за Западен Балкан)<br>• Засилена поддршка на туризмот од страна на ЕУ и македонската Влада (привлекување на туристи на настаните што ги организира општината) | Threats- Согледани Закани/Ризици<br>• Перцепција за нестабилност во регионот<br>• Конкурентноста на другите општини<br>• Настабилни економски услови |

Врз основа на СВОТ анализата стратешкиот пристап ќе биде искористување на силните страни на општинската администрација за да се пресретнат можностите што се нудат во опкружувањето.

| *Можности* | *Јаки страни* |
|---|---|
| • Атрактивност за Странски директни инвестиции (СДИ)<br>• Програмите на Градот Скопје, регионот и Владата<br>• Пристап до Европските фондови<br>• Пристап до фондовите за регионална соработка<br>• Засилена поддршка на туризмот (привлекување на туристи во општината) | • **Транспарентност:**<br>• **Имиџ на успешност-**<br>• **Амбициозно раководство**<br>• **Искусна и обучена администрација**<br>• **Голем опфат на граѓаните во годишните активности**<br>• **ИТ опременост и ИСО стандард во работењето** |

## *2.3. Други нивоа на власт и институции во опкружувањето*

### 2.3.1. Град Скопје

Град Скопје има надлежности за локалниот економски развој и во рамки на овие надлежности Стратегиски документи:

- Стратегија за локален економски развој; Стратегија за поддршка на малите и средните претпријатија; Стратегија за развој на туризмот; Стратегија за развој на културен туризам и занаетчиство.
- Стратегија за соработка со невладините организации со која активностите на НВО се финансираат со средства од буџетот на градот, а кои се утврдуваат на годишно ниво.
- Програми за развој на комуналната и сообраќајната инфраструктура.

Заедничка карактеристика на Стратегиските документи е дека тие не се поддржани со ресурси и најголемиот дел на проекти се планираат со средства од надворешни извори на финансирање. Исто така, мал е износот на средства за директна поддршка на претпријатијата, а најголемо учество имаат инфраструктурните проекти.

Во тек се постапките за изработка на Стратегии за локален економски развој, подршка на малите и средните претпријатија и за туризам.

Институции на Град Скопје задолжени за локалниот економски развој се секторите во градската администрација[5] и регионалниот бизнис-центар[6].

### 2.3.2. Центар за развој на Скопскиот плански регион

Центарот за развој на Скопскиот плански регион[7] донесува стратегии, програми и проекти поврзани со економскиот развој.

- Програмата за развој на Скопскиот плански регион опфаќа 7 Стратегиски области:
  - Инфраструктура со 6 цели;
  - Заштита на животната средина со 4 цели;
  - Користење на средства од ИПА-инструментот со 4 цели;
  - Економија - мсп, индустрија, иновации со 4 цели;
  - Човечки капитал - едукација, доживотно учење, здравство, социјална заштита со 6 цели;
  - Земјоделство и рурален развој со 4 цели; туризам
  - Искористување на природните и културно-историските ресурси во регионот со 4 цели; и
  - Урбанизам и просторно планирање со 3 цели.
- Стратегија за развој на туризмот во Скопскиот плански регион со 4 Стратегиски насоки. Општина Карпош е застапена во делот на културното наследство со туристичките и археолошките локалитети. Се планира остварување на 6 квантитативни цели: Зголемување на бројот на домашни туристи и зачувување на трендот на пораст на бројот на посети од странски туристи; Продолжување на

---

[5] www. skopje.gov.mk
[6] http://recs.org.mk/
[7] http://skopjeregion.gov.mk/

периодот за престој; Зголемување на зафатеноста на леглата; Зголемување на обемот на туристичка потрошувачка, просечна целна потрошувачка на дневни гости - 48 евра; Зголемување на уделот на инвестиции во туристичката инфраструктура (до 2020 година да се достигне учество од 8,3 % од сите инвестиции); Зголемување на извозот од продажба на домашни продукти на странските туристи (до 2020 година да се достигне 6,7 % учество во целокупниот извоз). И овој документ не е буџетиран и тешко е да се специфира обемот на ресурси што ќе се алоцираат за неговото остварување.

- Мапирање на инвестициските можности на Скопскиот плански регион, каде се анализираат погодностите за инвестирање, а **Општина Карпош е мапирана со потенцијали за**: индустриите; недвижности бизнис-процеси – Аутсорсинг (контакт-центри) и туризам. Во документот се мапирани 6 локации[8] на територијата на Општина Карпош со вкупна вредност на потенцијалот за инвестирање од 60,000,000 евра.

### 2.3.3. Влада на Република Македонија

Владата на Република Македонија[9] го планира и управува економскиот развој на општините преку надлежностите во три области:

**Децентрализација**

- Акцискиот план за пренесување на надлежностите на локалната самоуправа со кој е утврдена динамиката на пренесување на надлежностите и градење капацитет на општинската администрација за спроведување на преземените надлежности;
- **Стратегија за регионален развој на Република Македонија 2009-2109** година во кој **Општина Карпош е опфатена преку Скопскиот плански регион**. Документот утврдува две главни Стратегиски цели:
  1) Конкурентни плански региони што се одликуваат со динамичен и одржлив развој со следните 7 приоритети: *Поттикнување на економскиот раст во планските региони*; *Развивање на современа и модерна инфраструктура во планските региони; Препознавање и искористување на иновативниот потенцијал и подигнување на техничко-технолошката основа на носечките индустрии во планските региони; Подигнување на нивото на човечкиот капитал во планските региони; Креирање на конкурентски предности на планските региони; Оптимално користење и валоризација на природните ресурси и енергетските потенцијали во планските региони*; *Заштита на животната средина во планските региони*
  2) Поголема демографска, економска, социјална и просторна кохезија меѓу и во рамките на планските региони во Република Македонија, со 7 приоритети: *Демографска ревитализација и порамномерна дистрибуција на населението меѓу и во планските региони; Градење на функционално-просторни структури за подобро интегрирање на урбаните со руралните средини во планските региони; Зголемување и порамномерна дисперзија на инвестициите и вработеноста помеѓу и во рамките на регионите; Подигнување на степенот на социјален развој во планските региони ; Поддршка на подрачјата со специфични развојни потреби; Развивање на прекуграничната и меѓусебната соработка на планските региони; Подигнување на капацитетите за планирање и реализација на развојот во планските региони*

[8] Локации со детални податоци во општината Карпош од секторот за урбанизам и просторно планирање
[9] http://vlada.mk/

**Поддршка на малите и средните претпријатија**

- Годишни програми за подобрување на конкурентноста на претпријатијата кои се реализираат преку Министерството за економија и Агенцијата за поддршка на претприемништвото во Република Македонија.
- Стратегија за промоција на инвестициите и извозот која се реализира преку Агенцијата за промоција на странските инвестиции.
- Кредитни линии за модернизирање на производството, подобрување на конкурентоста преку почисто производство и воведување енерегетска ефикасност.

**Вработување**

- Програмата за активни мерки за вработување и самовработување која се реализира преку Агенцијата за вработување на Република Македонија.

**Финансирањето на развојот**

Владата обезбедува извори за финансирање на развојот на регионално и на национално ниво преку: Буџетот на Република Македонија; Буџетите на единиците на локалната самоуправа, Расположливите фондови на ЕУ (особено ИПА компонентите 1,2,3 и 4); Други меѓународни извори; и Донации и спонзорства од физички и правни лица.

### 2.3.4. Меѓународни организации

Меѓународните организации го поддржуваат развојот во Република Македонија преку билатерална и мултирателна помош[10], фокусирани на национално, регионално и на европско ниво.

Во тек е планирање на ЕУ ИПА 2 за периодот 2014 -2020 година/

[10] http://www.sep.gov.mk/

# 3. Фактори на економскиот развој

Економски развој генерално се однесува на одржливи и усогласени акции на креаторите на политиките и на заедниците, со кои се промовира животниот стандард и економската благосостојба на одредена област или територија.

Економскиот развој, исто така, може да се однесува на квантитативните и квалитативните промени во економијата. Таквите активности може да вклучат повеќе области, вклучувајќи развој на човечкиот капитал, клучната инфраструктура, регионалната конкурентност, одржливоста на животната средина, социјалната инклузија, здравјето, безбедноста, писменост и други иницијативи.

Економскиот развој се разликува од економскиот раст. Додека економскиот развој е напор да се интервенира со политики кои имаат цел - подобра економска и социјална благосостојба на луѓето, економскиот раст е поврзан со продуктивноста на пазарот и со порастот на БДП. Затоа економскиот раст е еден аспект на процесот на економски развој.

Факторите на локалниот економски развој се групираат во три подрачја[11]:

1) **Стабилност и предвидливост**
    - Институциите да генерираат динамичка стабилност
    - Поделба на надлежности помеѓу приватен, граѓански и јавен сектор
    - ***Обезбедување инфраструктура, (комунална, сообраќајна, комуникациска, енергетска) вклучувајќи и човечки вештини и компетенции***
    - ***Успешен менаџмент на вкупната економската стабилност***
2) **Конкуренција (натпревар) и раководење со промени**
    - Постојано следење и управување со промените за развиен, динамичен, флексибилен и иновативен приватен сектор
    - Понуда на квалификувана работна сила и развиен пазар на труд
    - ***Поволно бизнис-опкружување со лесен пристап до: информации и знаење; систем на континуирано учење; пазари; финансии; квалитетни јавни услуги***
    - Куповна моќ на граѓаните, довербата и штедењето
3) **Социјална инклузија**
    - ***Локално лидерство за поттикнување на заедништвото и толеранцијата***
    - ***Пристап до политичкото претставување на различните категории на граѓани***
    - Еднаквост на сите пред законите
    - ***Пристап до образование***
    - Пристап до работа
    - ***Пристап до јавните добра и услуги***

[11] Факторите на кои општината може да влијае се напишани со болд и италик букви

# 4. Изјава за мисија и визија

## 4.1. Мисија

**Посветеност кон креирање и достигнување на потребите за забрзан локален развој на Општина Карпош преку;**

- Вклучување на органите на локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните институции, приватниот и граѓанскиот сектор, невладиниот сектор и меѓународната заедница, и
- Континуирано обучување и подготовка на органите на локалната самоуправа, јавните претпријатија и јавните установи за испорака на висококвалитетни стандардизирани услуги ориентирани кон бизнисот и граѓаните.

*Вработените во Општина Карпош ќе креираат и ќе ја поддржат партиципативната атмосфера преку вклучување на граѓани и останати учесници во работењето на општината.*

*Општината ќе создаде таква политика која ќе биде точна и прецизна според барањата во имплементирање и евалуација на јавната политика.*

## 4.2. Визија

Општина со осмислена егзистенција на граѓаните во која има надеж, достоинство, интегритет, хумани вредности, богатства, културни содржини, етичка мотивација и човечка солидарност во сите сегменти на животот и работата на секој дел од локалната заедница.

- Туристичка оаза ,Креативна општина и ЗЕЛЕНА ГРАДИНА, водечка на спортски, културен, образовен и социјален план
- Општина во која:
  - граѓаните уживаат во високиот квалитет и стандард на урбаното живеење.
  - се користат најдобрите светски практики, се подобрува и унапредува економското опкружување, се вложува во граѓаните - посебно во младите со цел обезбедување просперитет на заедницата.
  - се промовира бизнисот, инвестициите и креативните индустрии

*Општина Карпош ќе биде место каде сите граѓани без разлика на пол, возраст или религија ќе ги најдат своите можности и ќе го искористат својот потенцијал*

## 4.3. Општа цел

Карпош - конкурентна општина со одржлив економски развој и атмосфера погодна за водење бизнис.

*Долгорочни цели*: Одржлив економски развој и раст на вработеноста, Високо ниво на регионална конкурентност, Балансиран регионален развој, Усогласено просторно и урбанистичко планирање, Сеопфатна покриеност на општината со комуналната инфраструктура, Градење на високи стандарди во областите од јавен интерес, Социјално вклучување и можности за сите граѓани преку градење на нивниот капацитет,

# 5. Стратегиски приоритети и цели на Општината Карпош

## 5.2. Долгорочни Стратегиски насоки

### *5.2.1. Унапредување на условите за живот и стандардот на граѓаните*

Долгорочната насока на развојот е општина која постојано презема мерки за унапредување на условите за живот и работа на своите граѓани со што нивниот потенцијал и иновации ќе дојде до израз.

Стратегиски цели за периодот 2015-2018 за спроведување на приоритетни правци вклучуваат: унапредување на комуналната инфраструктура, подобрување на образовниот процес, изградба и адаптација на културни и рекреативни објекти, подобрување на мерките за енергетска ефикасност, остварување на целите поврзани со покриеност на сите категории на луѓе, подобрување на животот и работата. Дефинирани се 7 Стратегиски цели, 28 мерки и 80 проекти. (Преглед-табела 1, стр 60)

### *5.1.2. Доверзификација на економските активности преку привлекување нови бизниси и инвеститори*

Развој на постојните и создавање нови економски капацитети преку поддршка при формирање на мали и на средни претпријатија; создавање работни места преку привлекување странски и домашни инвестиции; подобрување на постојната и изградба на нова инфраструктура; Соработката со бизнис-заедницата и граѓанските здруженија и нивно вклучување во процесите на локалниот економски развој; реализација на проекти со кои ќе се промовира одржливиот економски развој на општината. Дефинирани се 3 Стратегиски цели, 7 мерки и 21 проекти (Преглед -табела 2 стр.61 )

### *5.1.3. Зголемување на вработувањето*

Зголемувањето на вработувањето се планира преку промоција на програмите за вработувања, пре-квалификации, едукации за самовработувања и социјална инклузија на ранливите групи. За остварување на оваа стратегиска насока утврдени се 3 Стратегиски цели, 7 мерки и 15 проекти. (Преглед - табела 3 стр.61)

### *5.1.4. Јакнење на комуникацијата со граѓаните, бизнис-секторот и меѓународните програми и донатори*

Комуникацијата со граѓаните, НВО и бизнис-секторот е постојан приоритет на општината. Во наредниот период фокус се става на е-услуги за граѓаните и поголема покриеност со интернет за побрза и поедноставна комуникација со граѓаните. Утврдени се 3 Стратегиски цели, 5 мерки и 15 проекти. (Преглед- табела 4 стр.61)

***Преглед-Табела 1.Стратегиски цели и мерки за унапредување на условите за живот и стандардот на граѓаните***

| Р.бр | Стратешка насока | Стратешка цел | Мерки ( преглед на проектите и акциите во Анекс 2 ) | Индикатори | Проекти | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Унапредување на условите за живот и стандардот на граѓаните | *1.1. Унапредување на комуналната и патната инфраструктура* | **1.1.1. Уредување на кејот на Вардар** | # ( бр.) , М' и Вредност на извршените работи, и Учеството на надворешните извори на финансирање | 1 | |
| | | | **1.1.2 Третман на отпадни води (** фекална канализација | # , М' и Вредност на извршените работи, и Учеството на надвор. извори на финансирање | 2 | |
| | | | **1.1.3. Паркови и партерно уредување** | М2 и Вредност на извршените работи, | 4 | |
| | | | **1.1.4. Паркирање** | М2 и Вредност на извршените работи, | 3 | |
| | | | **1.1.5. Улично осветлување** | # ( број) на сијалични места и процент на заштеда на електрична | 1 | |
| | | | **1.1.6. Велосипедски патеки** | # , М' и Вредност на извршените работи, | 3 | |
| | | | **1.1.7 Санација и асфалтирање на улици** | # , М' и Вредност на извршените работи, | 5 | |
| | | | **1.1.8. Тротоари/поплочување** | # и М2 | 3 | |
| | | *1.2. Урбанизам* | **1.2.1. Уредување локации за инвеститорите** | # и М2 на уредени локации | 6 | |
| | | | **1.2.2 Донесување ДУП за населени места** | # и М2 | 2 | |
| | | | **1.2.3. Спроведување на ДУП-овите** | # и вредност на проектите | 1 | |
| | | *1.3 Животна средина* | **1.3.1. Проекти за животна средина и отпад** | # и вредност на проектите | 1 | |
| | | | **1.3.2 Проекти за енергетска ефикасност** | процент на заштеда на електрична енергија | 5 | |
| | | *1.4 Образование и наука* | **1.4.1. Изградба на училишта и спортски објекти** | # и учество на надвор извори на финасирање | 1 | |
| | | | **1.4.2. Опремување на училиштата** | # на училишта | 5 | |
| | | | **1.4.3. Стипендии** | # на стипендирани учесници | 1 | |
| | | | **1.4.4. Унапредување на наставата** | # на нови сорджини | 3 | |
| | | *1.5. Култура* | **1.5.1. Изградба објекти од културата** | # ' и Вредност на извршените работи, | 2 | |
| | | | **1.5.2. Организација на културни настани** | # на настани и # на опфатени граѓани | 4 | |
| | | *1.6. Социјална заштита и превенција* | **1.6.1. Реновирање детски градинки** | # на градинки и # на опфатени деца | 4 | |
| | | | **1.6.2. Отварање дневни центри и клубови** | # на настани и # на опфатени граѓани | 2 | |
| | | *1.7 Спорт и Млади* | **1.7.1.Изградба на спортски игралишта и тениски терени** | # на изградени играчишта и терени | 5 | |
| | | | **1.7.2. Организација на спортски натпревари** | # на настани и # на опфатени граѓани | 5 | |
| | | | **1.7.3.Поддршка и унапредување на училишните спортски клубови** | # на клубови и # на опфатени ученици | 4 | |
| | | | **1.7.4.Работа со млади** | # на опфатени млади со услугите | 2 | |
| | | *1.8 Заштита и спасување на граѓаните и материалните добра* | **1.8.1 Подобрување на системот** | # на просторни единици и вредност на набавена опрема | 3 | |
| | | | **1.8.2 Заштита од природни непогоди** | # на обуки и опфатени граѓани | 3 | |
| | | | **1.8.2 Превенција и справување од кризи** | # на опфатениинституции | 2 | |
| | | | **Број на проекти** | | **83** | |

***Преглед-Табела 2. Стратегиски цели и мерки за диверзификација на економските активности и привлекување нови бизниси и инвеститори***

| Р. бр | Стратешка насока | Стратешка цел | Мерки | Индикатори | Проекти |
|---|---|---|---|---|---|
| 2 | Привлекување нови бизниси и инвеститори | *2.1 . Подобра бизнис клима* | 2.1.1. Воспоставување на институционална инфраструктура | # ( бр.) на нови претпријатија | 2 |
| | | | 2.1.2 Програми за поддршка на бизниси ( бизнис инкубатор) | # број на поддржани претпријатија и бизниси | 6 |
| | | *2.2. Зголемен обем на инвестиции* | 2.2.1. Промоција на инвестициите | # на контактирани инвеститори | 1 |
| | | | 2.2.2 Локации за инвестирање и индустриски зони | # на локации и вредност на инвестициите | 6 |
| | | | 2.2.3. Општински инвестиции | # и вредност на проектите | 2 |
| | | *2.3 Проширување на туристичката понуда* | 2.3.1.Промоција на туризмот | # ( бр.) на туристи | 2 |
| | | | 2.3.2. Промоција на традицијата и занаетите | # ( бр.) на нови вработувања | 2 |
| | | | **Број на проекти** | | **21** |

***Преглед-Табела 3 Стратегиски цели и мерки за зголемување на вработувањето***

| Р.бр | Стратешка насока | Стратешка цел | Мерки ( преглед на проектите и акциите во Анекс 4 ) | Индикатори | Проекти |
|---|---|---|---|---|---|
| 3 | Зголемување на вработувањето | *3.1 . Промоција на програми за вработување* | 3.1.1. Обуки , квалификација и доквалификација | # ( бр.) обуки и обучени граѓани | 2 |
| | | | 3.1.2 Промоција на годишни програми за вработување | # број на промовирани мерки и опфаетни граѓани | 4 |
| | | | 3.1.3 Обука за вработувања во новите сектори: ЕЕ, менаџирање отпад и органско производство | # ( бр.) обуки и обучени граѓани | 3 |
| | | *3.2. .* Едукација за самовработување | 3.2.1. Волонтерство | # на волонтери | 1 |
| | | | 3.2.2 Обука за претприемништво и бинзис планирање | # на обучени граѓани локации и вредност на инвестициите | 1 |
| | | | 3.2.3. Бизнис инкубатори за млади | # на самовраотени млади | 1 |
| | | *3.3 .* Социјална инклузија на ранливите групи | 3.3.1.• Поддршка при вработувањето | # ( бр.) на вработни | 3 |
| | | | **Број на проекти** | | **15** |

***Преглед-Табела 4 Стратегиски мерки за јакнење на комуникацијата со граѓаните, НВО и бизнисите***

| Р.бр | Стратешка насока | Стратешка цел | Мерки | Индикатори | Проекти |
|---|---|---|---|---|---|
| 4 | Јакнење на комуникацијата со граѓаните, бизнис секторот и НВО | *4.1 . Е-комуникација* | 4.1.1. Е-услуги за граѓаните | # ( бр.) на е -услуги | 3 |
| | | | 4.1.2 Издавање на општински гласила | # број на промовирани мерки и опфатени граѓани | 5 |
| | | *4.2. .Јакнење на капцитетот за работа со млади* | 4.2.1. Професионално насочување и комуникација | # на млади | 1 |
| | | | 4.2.2 Вклучување во проекти | # на проекти и вклучени млади | 1 |
| | | *4.3 .Јакнење на меѓуопштинската и регионална соработка* | 4.3.1. Активности со постојните општини и збратимување со нови | # ( бр.) на остварени форми на соработка | 9 |
| | | | **Број на проекти** | | **19** |

### *5.1.5. Унапредување на туризмот*

Унапредувањето и поддршката на туризмот е долгорочна цел на општината, затоа се планира правно регулирање на обработливото земјоделско земјиште, промоција на земјоделското производство и промоција на руралниот развој. Утврдени се 3 Стратегиски цели, со 6 мерки и 8 проекти. ( Преглед-табела 5)

***Преглед-Табела 5 Стратегиски цели и мерки за унапредување на туризмот***

| Р.бр | Стратешка насока | Стратешка цел | Мерки | Индикатори | Проекти |
|---|---|---|---|---|---|
| 5 | Унапредување на Туризмот и рурален развој | *5.1. Искористување на расположивите ресурси* | **5.1.1. . Мапа на културни центри и туристички атракции** | Број на центри и туристички локалитети,<br>Број на организирани настани;<br>Број на уредени локалитети | 1 |
| | | | **5.1.2. Брошура со сите настани организирани од општината** | | 1 |
| | | | **5.1.3. Сигнализација на културно историските и туристичките локалитети** | | 1 |
| | | *5.2. Промоција на туризмот* | **5.2.1. Промоција на туристичкиот потенцијал на општината** | # ( бр.) на туристи | 1 |
| | | | **5.2.2 Воспоставување туристичко инфо** | Изработен проект<br>Усвоени идејни решенија<br>Промовирано Јавно-приватно партнерство | 1 |
| | | *5. 3 .Рурален развој* | **5.3.1.Искористување на ИПАРД средствата и средствата од домашни и меѓународни фондови за поддршка на земјоделството и руралниот развој** | Број на одобрени ИПАРД проекти<br>Број на одобрени апликации за користење на средства за поддршка на земјоделството и руралниот развој на Влада на РМ | 3 |
| | | | **Број на проекти** | | **8** |

# 6. Усогласеност на Стратегиските приоритети со релевантните европски, национални и валидните регионални Стратегиски документи.

## 6.1. Усогласеност со европската стратегија до 2020 година

Стратегијата за локален развој на Општина Карпош е усогласена со европската тратегија 2020 во делот на потребите за децентрализација и регионален развој. Притоа се следеа препораките за трите главни столба: поддршка на конкурентноста, развојот на претприемништвото и поддршката на МСП; зголемување на вработеноста и подобрување на условите за образование на населението, како и поголема социјална инклузија на сите категории граѓани.

Исто така, при изработката на документот се водеше сметка за програмските ИПА-документи, посебно за компонентите меѓугранична соработка и регионална конкурентост, како компоненти каде општината може да аплицира со свои проекти за повлекување средства од надворешни извори на финансирање.

Дополнително, документот е во согласност со ЕУ-програмите на заедниците, кои обезбедуваат средства за програмите за вработување на локално ниво, мобилноста на младите и поголемото учество на граѓаните во одлучувањето за прашањата за локалната самоуправа.

## 6.2. Усогласеност со повисоките нивоа на власта

При изработката на документот, предложените мерки се усогласуваа според Стратегиските документи и програми на трите повисоки органи на власт: Владата на Република Македонија, Скопскиот плански регион и Градот Скопје. Критериумите што се користеа се однесуваа на Стратегиските цели, предложените мерки и алоцираните средства за остварување на владините политики.

### *6.2.1. Усогласеност со Стратегиските документи на Владата за децентрализација*

Предложените приоритетни долгорочни насоки и Стратегиски цели се усогласени со Стратегиските документи на Владата на Република Македонија, кои се однесуваат на следните политики: децентрализација, рамномерен регионален развој, поддршка на конкурентноста на приватниот сектор и програмите за зголемување на вработувањето.

При консултирањето на владините Стратегиски документи, усогласувањето се однесуваше на следење на зацртаните цели, усогласеност со приоритетите (инфраструктура, индустрии, земјоделство, туризам и рурален развој), како и алоцираните средства за финансирање на дефинираните цели.

Ваквиот пристап ѝ овозможува на општината да аплицира или да ги поттикнува релевантните економски субјекти на нејзината територија да поднесуваат проекти и барања за повлекување средства од програмите за конкурентност, промоција и привлекување инвестиции, поддршка на МСП, вработување на младите и националната програма за поддршка и промоција на туризмот.

### *6.2.2. Усогласеност со Стратегиските документи на Скопскиот плански регион*

Стратегиските документи на Скопскиот плански регион се однесуваат на регионалниот развој, мапирање на инвестициските можности и развојот на туризмот. Усогласеноста е во однос на Стратегиските цели, програмите и мерките што се предлагаат за развојот на скопскиот регион.

И покрај фактот дека Општина Карпош не е застапена со доволен број проекти во овие документи и дека дефинираните мерки и програми немаат алоцирани извори на средства, усогласеноста е направена во насока како најдобро да се учествува во регионалните проекти каде средствата се обезбедуваат од Бирото за рамномерен регионален развој.

На ова ниво на власт, Општина Карпош може да повлекува средства за патната инфраструктура, заштитата на животната средина, изградбата на туристички локали и проектите за руралниот туризам.

### *6.2.3. Усогласеност со Стратегиските документи на Град Скопје*

Усогласеноста со Стратегиските документи на Град Скопје се однесуваат на просторното планирање, патната и комуналната инфраструктура, поддршката на МСП, занетчиите и НВО-секторот, развој на туризмот, енергетската ефикасност и развој на образованието.

Посебно се обрна внимание на можноста одредени мерки од стратегијата да се вклучат во годишните програми на Град Скопје и нивно финансирање од градскиот буџет.

# 7. Акциски план

Акцискиот план преставува преглед на групирани мерки и проекти (иницијативи) кои се во функција за остварување на приоритетите и целите со финансиски проекции за трошоците и планираните извори на средства за нивна реализација.

Предложените мерки/проекти/акции се групирани според долгорочните Стратегиски насоки, приоритетните Стратегиски цели, одговорните за реализација, временската рамка и ризиците.

Сумираниот акциски план се состои од 5 долгорочни Стратегиски насоки, 20 приоритетни Стратегиски цели и 143 мерки/проекти.

Вкупниот буџет изнесува 20,971,200.00 евра, од кои 14% од повисоките нивоа на власт 65% од општинскиот буџет ; 9% од донатори ; и 13% од други надворешни извори.

Потребните средства од општинскиот буџет на годишно ниво во просек ќе изнесуваат 3,386,000 евра или учество од околу 34% во годишниот буџет на општината во 2014 година .

## 7.1. Преглед на мерки и проекти

Мерките се прикажани табеларно според визијата за општината, долгорочната стратегиска цел, целните групи, индикаторите, надлежен сектор, број на проекти, временска рамка, извори на средства и ризиците. (Анекс 2)

### 7.2. Ресурси за акцискиот план

За реализација на акцискиот план потребни се следните ресурси (инпути - влезни елементи):

- Материјални (простор, канцеларии, опрема, материјали за градба и за планирање на проектите)
- Кадровски (проектни менаџери, експерти, вработени, волонтери)
- Финансиски (буџетски средства, донаторски грантови, кредити, обврзници)
- Интелектуални (информации, технологии, софтвери, знаење за раководење на проекти и изградба на објекти)

# 8. Имплементација и индикатори за успешност

Имплементацијата, мониторингот и ревизијата на стратегијата и акцискиот план ќе ја координира Секторот за локален економски развој на Општина Карпош. Активностите што се опфаќаат во тој процес се однесуваат на: а) градење партнерства за планираните мерки/проекти, б) дефинирање на постапка за имплементација на акцискиот план и в) следење на индикаторите на успешност со чија помош ќе се мери степенот на реализација на проектите и напредокот во остварување на приоритетите и целите.

### 8.1 Градење партнерства

Реализацијата на акцискиот план опфаќа различни видови партнерства и тоа со:

- Донаторски организации и програми ( ЕУ-програми, регионални ИПА-фондови);
- Повисоките нивоа на власт (Град Скопје, Скопскиот плански регион, државни иснтитуции, агенции и министерствата на Владата на Република Македонија);
- Општинските јавни институции (училишта, јавни претпријатија) планирање на мерките, реализација на проекти и испорака на услуги на граѓаните;
- Бизнис-секторот и НВО-секторот за планирање проекти за заеднички настап пред донатори, мобилизирање на ресурси и мониторинг на реализацијата на проектите;
- Граѓаните за учество во планираните проекти.

**Партнерствата** за остварување на поставените цели треба да се градат и според видот на предложените мерки.

- Во делот на економија се предвидуваат партнерства на локалната самоуправа со приватниот сектор (претпријатијата и НВО), владините институции за поддршка на развојот на МСП и вработувањето, донаторските програми, инвеститори и кредитори - банки;
- Во социјалата - развојот на заедницата, локалната самоуправа планира партнерства со владини институции, социјални установи, училишта, месни заедници, НВО и здруженија на граѓани;
- Во делот на екологија, се планираат партнерства со претпријатија, владини институции за МСП , донатори, НВО и инвеститори.

## 8.2. Постапка за имплементација на акцискиот план

Постапката за имплементација на акцискиот план се состои од следните чекори

- Разработка на мерките и на проектите
- Преземање акции за промоција пред донатори и инвеститори
- Мобилизирање граѓани за негова поддршка
- Дефинирање услуги на секторот за економски развој за поддршка на реализацијата на стратегијата и акциониот план
- Алоцирање ресурси за реализација на поединечните проекти

## 8.3. Индикатори на успешност

Индикаторите за успешност се презентирани во преглед - табелите до 1 до 5, како и во прегледот на групирани мерки и проекти во согласност со дефинираните Стратегиски цели.

Како дополнителни индикатори за успешност што треба да се земат предвид при следењето на реализацијата на стратегијата и акцискиот план се: бројот на МСП и активни деловни субјекти, бројот на вработени, стапката на невработеност, посебно младите, висината на инвестициите во општината и БДП по жител.

Извори за верификација на индикаторите треба да бидат релевантните државни институции, општинската архива, проектната документација и анкети и истражувања за директно собирање на податоци поврзани со дефинираните индикатори.

# Документација


1) Општина Карпош , стратегија за Локален економски развој на 2009 – 2013
2) Буџети на Општина Карпошза 2009,2010, 2011,2012 ,2013 и 2014 година
3) Стратегија за локален економски развој на Град Скопје (2009-2013)
4) Стратегија за поддршка на претприемништвото во Град Скопје, 2011
5) Програма за развој на Скопскиот плански регион, 2010
6) Стратегија за развој на туризмот во Скопскиот плански регион, 2011
7) Мапирање на инвестициските можности на Скопскиот плански регион, 2012
8) Одлука на Владата на Република Македонија за Стратегиските приоритети во 2014 година, 2013
9) Прирачник за стратегиско планирање на Владата на Република Македонија, 2010
10) Извештај за спроведување на децентрализацијата, Влада на Република Македонија, 2012
11) Стратегија за регионален развој на Република Македонија, 2009-2019 година

# Анекс 1 - Табели

***Табела 1* Број на домаќинства во Општина Карпош**

| Општина | Домаќинства | | |
|---|---|---|---|
| | Индивидуални домаќинства | Членови на домаќинства | Просечен број на членови на домаќинства |
| Република Македонија | 564.237 | 2.020.365 | 3.58 |
| *Скопје* | 146.546 | 506.203 | 3.45 |
| **Карпош** | **19.676** | **59.367** | **3.02** |

*Извор: Државен завод за статистика, Попис на население 2002 година*

***Табела 2* Број на население по пол и возраст во Општина Карпош**

| Карпош | Се | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| Вкупно | 60.580 | 28.543 | 32.037 |
| 0-14 | 8.358 | 4.289 | 4.069 |
| 15-64 | 40.737 | 19.500 | 21.237 |
| 65-84 | 10.671 | 4.433 | 6.238 |
| 85 и повеќе | 808 | 319 | 489 |
| Непозната возраст | 6 | 2 | 4 |

*Извор: Државен завод за статистика, 2013 година*

***Табела 3* Полова структура**

| Полова структура | | |
|---|---|---|
| ***Пол*** | ***број на жители*** | ***Процент (%)*** |
| Мажи | 28.543 | 47% |
| Жени | 32.037 | 53% |
| Вкупно | 60.580 | |

**Извор: Државен завод за статистика на РМ 2013,*

***Табела 4 Образовна структура и вработеност***

| Структура според образование | | |
|---|---|---|
| **Степен на образование** | **број на жители** | **Процент (%)** |
| Докторат | 482 | 0.96% |
| Магистратура | 499 | 0.99% |
| ВСС | 11.595 | 23.12% |
| Виша школа | 2.740 | 5.47% |
| ССС | 25.444 | 50.75% |
| Основно образвание | 6.481 | 12.93% |

| | | |
|---|---|---|
| Некомплетно основно образование | 2.259 | 4.51% |
| Без образование | 620 | 1.24% |
| Сеуште се во процес на образование | 17 | 0.03% |
| **Вкупно над 15 год** | 50.137 | |
| **Работна сила** | | |
| **Вработеност** | **број на жители** | **Процент (%)** |
| Работоспособни | 26.212 | |
| Вработени* | 21.784 | 83,1% |
| Невработени | 4.428 | 16.9% |
| Економски неактивни | 23.784 | |

**Извор: Државен завод за статистика на РМ од пописот на население 2002, податоци од Општина Карпош, состојба на невработени лица од пописот 2002 година – Државен завод за статистика на РМ*

***Табела 5 Живородени деца по општини, по години***

| | Вкупно | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** |
| Република Македонија | 23.684 | 24.296 | 22.770 | 23.568 | 23.138 |
| Скопје | 6.527 | 6.703 | 6.515 | 6.584 | 6.715 |
| Аеродром | 797 | 779 | 800 | 761 | 781 |
| Бутел | 499 | 459 | 517 | 467 | 463 |
| Гази Баба | 867 | 884 | 856 | 871 | 889 |
| Ѓорче Петров | 424 | 445 | 440 | 422 | 431 |
| **Карпош** | **594** | **632** | **530** | **565** | **571** |
| Кисела Вода | 582 | 578 | 527 | 584 | 412 |
| Сарај | 656 | 666 | 648 | 683 | 690 |
| Центар | 613 | 614 | 684 | 655 | 729 |
| Чаир | 1.037 | 1.153 | 1.153 | 1.067 | 1.071 |

*Извор: МАКСТАТ,2014*

***Табела 6 Умрени лица по општини во Градот Скопје***

| | Вкупно | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** |
| Република Македонија | 19.060 | 19.113 | 19.465 | 20.134 | 19.208 |
| Скопје | 4.584 | 4.649 | 4.676 | 4.932 | 4.732 |
| Аеродром | 574 | 556 | 572 | 594 | 554 |
| Бутел | 292 | 293 | 282 | 338 | 319 |
| Гази Баба | 653 | 627 | 647 | 654 | 679 |
| Ѓорче Петров | 372 | 448 | 415 | 406 | 387 |
| **Карпош** | **615** | **682** | **611** | **672** | **654** |
| Кисела Вода | 572 | 584 | 616 | 668 | 622 |
| Сарај | 195 | 162 | 194 | 232 | 202 |
| Центар | 604 | 575 | 610 | 574 | 625 |
| Чаир | 515 | 572 | 550 | 619 | 524 |

*Извор: МАКСТАТ,2014*

*Табела 7 Вкупно доселени и отселени граѓани од скопските општини, по години*

| | 2009 | | 2010 | | 2011 | | 2012 | | 2013 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно доселени** | **Вкупно отселени** | **Вкупно доселени** | **Вкупно отселени** | **Вкупно доселени** | **Вкупно отселени** | **Вкупно доселени** | **Вкупно отселени** | **Вкупно доселени** | **Вкупно отселени** |
| Скопје | 2.109 | 1.505 | 2.270 | 2.014 | 1.845 | 1.310 | 2.484 | 1.767 | 2.384 | 1.745 |
| Аеродром | 361 | 269 | 391 | 339 | 337 | 207 | 419 | 274 | 464 | 276 |
| Бутел | 164 | 118 | 165 | 151 | 132 | 97 | 161 | 116 | 118 | 120 |
| Гази Баба | 186 | 193 | 221 | 254 | 162 | 210 | 226 | 234 | 255 | 210 |
| Ѓорче Петров | 201 | 114 | 183 | 155 | 181 | 91 | 226 | 141 | 217 | 132 |
| **Карпош** | **321** | **170** | **368** | **272** | **285** | **166** | **462** | **217** | **375** | **232** |
| Кисела Вода | 297 | 155 | 373 | 214 | 355 | 119 | 360 | 203 | 351 | 174 |
| Центар | 345 | 196 | 318 | 231 | 186 | 147 | 386 | 196 | 400 | 244 |
| Чаир | 154 | 204 | 170 | 272 | 131 | 184 | 154 | 294 | 121 | 218 |

*Извор: МАКСТАТ, 2014*

***Табела 8 Деца и вработени во установи за згрижување и воспитание, и деца по вработен – детски градинки по пол, општини и години***

| Општини во градот Скопје | ВКУПНО | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2009 | | | 2010 | | | 2011 | | | 2012 | | | 2013 | | |
| | Деца | Вработени | деца /вработен | Деца | Вработени | деца /вработен | Деца | Вработени | деца /вработен | Деца | Вработени | деца /вработен | Деца | Вработени | деца по /вработен |
| Аеродром | 1853 | 251 | 7.38 | 2037 | 242 | 8.42 | 2172 | 264 | 8.23 | 2320 | 274 | 8.47 | 2571 | 308 | 8.35 |
| Бутел | 681 | 108 | 6.31 | 752 | 105 | 7.16 | 800 | 104 | 7.69 | 791 | 112 | 7.06 | 841 | 112 | 7.51 |
| Гази Баба | 1338 | 187 | 7.16 | 1349 | 181 | 7.45 | 1449 | 181 | 8.01 | 1502 | 192 | 7.82 | 1.58 | 204 | 0.01 |
| Ѓорче Петров | 532 | 89 | 5.98 | 545 | 91 | 5.99 | 628 | 92 | 6.83 | 667 | 91 | 7.33 | 991 | 118 | 8.40 |
| **Карпош** | **2049** | **288** | **7.11** | **2071** | **287** | **7.22** | **2111** | **282** | **7.49** | **2227** | **290** | **7.68** | **2393** | **311** | **7.69** |
| Кисела Вода | 1313 | 213 | 6.16 | 1354 | 218 | 6.21 | 1425 | 221 | 6.45 | 1584 | 228 | 6.95 | 1814 | 240 | 7.56 |
| Центар | 1657 | 274 | 6.05 | 1863 | 280 | 6.65 | 1866 | 282 | 6.62 | 2023 | 284 | 7.12 | 2071 | 284 | 7.29 |
| Чаир | 885 | 185 | 4.78 | 925 | 180 | 5.14 | 1031 | 197 | 5.23 | 1108 | 200 | 5.54 | 1124 | 211 | 5.33 |

*Извор: МАКСТАТ, 2014*

*Табела 9 Ученици во основни училишта, по пол, по општини и учебни години*

| | 2009/2010 | | | 2010/2011 | | | 2011/2012 | | | 2012/2013 | | | 2013/2014 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | вк. | ученички | ученици | вк. | ученички | ученици | вк. | ученички | ученици | вк. | ученички | ученици | вк. | ученички | ученици |
| Аеродром | 5 880 | 2.858 | 3.022 | 5.821 | 2.860 | 2.961 | 6.466 | 3.115 | 3.111 | 6.409 | 3.141 | 3.268 | 6.262 | 3.101 | 3.161 |
| Бутел | 5.143 | 2.494 | 2.649 | 5.008 | 2.455 | 2.553 | 4.928 | 2.362 | 2.566 | 4.910 | 2.352 | 2.558 | 4.884 | 2.357 | 2.527 |
| Гази Баба | 7.580 | 3.693 | 3.887 | 7.443 | 3.624 | 3.819 | 7.300 | 3.561 | 3.739 | 7.603 | 3.690 | 3.913 | 7.133 | 3.447 | 3.686 |
| Ѓорче Петров | 3.319 | 1.576 | 1.743 | 3.311 | 1.622 | 1.689 | 3.278 | 1.604 | 1.674 | 3.276 | 1.603 | 1.673 | 3.372 | 1.683 | 1.689 |
| **Карпош** | **6.310** | **3.107** | **3.203** | **6.231** | **3.070** | **3.161** | **6.185** | **3.054** | **3.131** | **6.001** | **2.970** | **3.033** | **5.796** | **2.877** | **2.919** |
| Кисела Вода | 5.086 | 2.518 | 2.568 | 5.015 | 2.452 | 2.563 | 4.316 | 2.153 | 2.163 | 4.333 | 2.133 | 2.200 | 4.335 | 2.111 | 2.224 |
| Центар | 4.166 | 2.027 | 2.139 | 4.146 | 2.021 | 2.125 | 4.143 | 2.086 | 2.057 | 4.194 | 2.121 | 2.073 | 4.226 | 2.070 | 2.156 |
| Чаир | 7.882 | 3794 | 4.088 | 7.696 | 3.656 | 4.040 | 7.528 | 3.603 | 3.925 | 7.448 | 3.521 | 3.927 | 7.416 | 3.545 | 3.871 |

*Извор: МАКСТАТ, 2015*

*Табела 10 Наставници во основни училишта, по пол, по општини и учебни години*

| | **2009/2010** | | | **2010/2011** | | | **2011/2012** | | | **2012/2013** | | | **2013/2014** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **вкупно** | **жени** | **мажи** | **вкупно** | **жени** | **мажи** | **вкупно** | **жени** | **мажи** | **вкупно** | **жени** | **мажи** | **вкупно** | **жени** | **мажи** |
| Аеродром | 380 | 334 | 46 | 417 | 366 | 51 | 457 | 405 | 52 | 463 | 415 | 48 | 476 | 429 | 47 |
| Бутел | 320 | 242 | 78 | 322 | 243 | 79 | 330 | 254 | 76 | 333 | 251 | 82 | 331 | 254 | 77 |
| Гази Баба | 458 | 366 | 92 | 473 | 379 | 94 | 475 | 382 | 93 | 490 | 397 | 93 | 469 | 383 | 86 |
| Ѓорче Петров | 222 | 184 | 38 | 224 | 184 | 40 | 230 | 191 | 39 | 228 | 185 | 43 | 233 | 191 | 12 |
| **Карпош** | **423** | **374** | **49** | **436** | **377** | **59** | **441** | **389** | **52** | **434** | **378** | **56** | **421** | **377** | **44** |
| Кисела Вода | 342 | 288 | 54 | 343 | 295 | 48 | 322 | 278 | 44 | 321 | 260 | 61 | 330 | 284 | 46 |
| Центар | 306 | 280 | 26 | 320 | 293 | 27 | 329 | 299 | 30 | 334 | 305 | 29 | 330 | 300 | 30 |
| Чаир | 473 | 337 | 136 | 506 | 355 | 151 | 518 | 369 | 149 | 518 | 377 | 141 | 527 | 384 | 143 |

*Извор: МАКСТАТ , 2015*

***Табела 11 Број на ученици во средно образование по пол, општини и години***

| | 2009/2010 | | | 2010/2011 | | | 2011/2012 | | | 2012/2013 | | | 2013/2014 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | вк. | ученички | ученици | вк. | ученички | ученици | вк. | ученички | ученици | вк. | ученички | ученици | вк. | ученички | ученици |
| Аеродром | 3.502 | 1.497 | 2.005 | 3.394 | 1.441 | 1.953 | 3.371 | 1.452 | 1.919 | 3.257 | 1.415 | 1.842 | 3.130 | 1.332 | 1798 |
| Бутел | 3.656 | 1.949 | 1.707 | 4.080 | 2.169 | 1.911 | 4.599 | 2.490 | 2.109 | 4.862 | 2.621 | 2.241 | 4.756 | 2.581 | 2.175 |
| Гази Баба | 3.292 | 789 | 2.504 | 3.239 | 782 | 2.457 | 3.126 | 784 | 2.342 | 2.783 | 679 | 2.104 | 2.588 | 564 | 2.024 |
| Ѓорче Петров | 658 | 319 | 339 | 676 | 341 | 335 | 654 | 330 | 324 | 621 | 322 | 299 | 569 | 270 | 299 |
| **Карпош** | **6.135** | **2.664** | **3.471** | **6.079** | **2.715** | **3.364** | **5.895** | **2.662** | **3.233** | **5.882** | **2.707** | **3.175** | **5.863** | **2.669** | **3.194** |
| Кисела Вода | 2.593 | 1.541 | 1.052 | 2.579 | 1.474 | 1.105 | 2.563 | 1.436 | 1.127 | 2.468 | 1.373 | 1.095 | 2.370 | 1.311 | 1.059 |
| Центар | 6.014 | 3.531 | 2.483 | 6.256 | 3.543 | 2.713 | 6.239 | 3.582 | 2.657 | 6.342 | 3.588 | 2.754 | 6.337 | 3.517 | 2.820 |
| Чаир | 1.810 | 711 | 1.099 | 1.659 | 634 | 1.025 | 1.643 | 634 | 1.009 | 1.477 | 492 | 985 | 1.385 | 447 | 938 |

*Извор: МАКСТАТ , 2015*

**Табела 12. Наставници во средни училишта, по пол, по општини и учебни години**

| | **2009/2010** | | | **2010/2011** | | | **2011/2012** | | | **2012/2013** | | | **2013/2014** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **вкупно** | **жени** | **мажи** | **вкупно** | **жени** | **мажи** | **вкупно** | **жени** | **мажи** | **вкупно** | **жени** | **мажи** | **вкупно** | **жени** | **мажи** |
| Аеродром | 224 | 151 | 73 | 242 | 162 | 80 | 237 | 161 | 76 | 275 | 176 | 99 | 268 | 172 | 96 |
| Бутел | 217 | 140 | 77 | 245 | 158 | 87 | 270 | 177 | 93 | 283 | 186 | 97 | 282 | 184 | 98 |
| Гази Баба | 336 | 170 | 166 | 303 | 158 | 145 | 307 | 159 | 148 | 292 | 148 | 144 | 273 | 144 | 129 |
| Ѓорче Петров | 48 | 35 | 13 | 47 | 35 | 12 | 45 | 33 | 12 | 45 | 32 | 13 | 44 | 31 | 13 |
| **Карпош** | **418** | **299** | **119** | **433** | **318** | **315** | **431** | **308** | **123** | **438** | **313** | **125** | **437** | **319** | **318** |
| Кисела Вода | 157 | 135 | 22 | 163 | 139 | 24 | 152 | 126 | 26 | 164 | 131 | 33 | 168 | 135 | 33 |
| Центар | 576 | 393 | 183 | 587 | 398 | 189 | 606 | 413 | 193 | 606 | 419 | 187 | 606 | 399 | 207 |
| Чаир | 106 | 59 | 47 | 106 | 59 | 47 | 109 | 59 | 50 | 109 | 59 | 50 | 102 | 51 | 51 |

*Извор: МАКСТАТ ,2015*

***Табела 13 Број на претпријатија во Скопје и учество на претпријатија по општини во 2013***

| **Општина** | **Број на претпријатија** | **Учество % во вк. број** |
|---|---|---|
| Скопје | 25,585 | 100.00% |
| Аеродром | 3,638 | 14.22% |
| Бутел | 1,420 | 5.55% |
| Гази Баба | 2,806 | 10.97% |
| Ѓорче Петров | 1,649 | 6.45% |
| **Карпош** | **3,824** | **14.95%** |
| Кисела Вода | 2,770 | 10.83% |
| Центар | 6,840 | 26.73% |
| Чаир | 1,936 | 7.57% |

***Табела 14.Активни деловни субјекти по големина, по општини, по години, состојба 31 декември***

| | *Аеродром* | *Бутел* | *Г.Баба* | *Ѓ.Петров* | ***Карпош*** | *К.Вода* | *Сарај* | *Центар* | *Чаир* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2009 вкупно | 3.763 | 1.417 | 2.905 | 1.647 | **3.871** | 2.730 | 441 | 6.931 | 2.060 |
| Микро | 2.120 | 828 | 1.426 | 974 | **1.974** | 1.451 | 263 | 3.123 | 1.304 |
| Мали | 1.620 | 570 | 1.412 | 662 | **1.851** | 1.253 | 176 | 3.595 | 752 |
| Средни | 18 | 18 | 53 | 10 | **34** | 22 | 2 | 107 | 3 |
| Големи | 5 | 1 | 14 | 1 | **12** | 4 | / | 106 | 1 |
